# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

SAVA TABAK NLB Тутунска банка

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 **e-mail: kontakt@szpm.org.mk www.szpm.org.mk**

Година IV, број 36-37 ISSN 1857-7660 12 август 2011 година


Седница на ИО и седница на Собранието на СЗПМ

## Зголемени активности во континуитет

На 29. јуни ИО на СЗПМ ја одржа четвртата седница на која претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** даде пресек на активностите во периодот меѓу двете седници. Тој истакна дека активностите зацртани во Програмата на СЗПМ се одвиваат со предвидената динамика и со успех. Одржани се регионални спортски натпревари во осум региони, како и три регионални ревии на песни, музика и игри.



– Со задоволство може да се констатира што на сите активности по здруженијата: на организирани екскурзии, на бањска рекреација, на бесплатен превоз, на разни собири, културни и спортски манифестации и друго во месец јуни учествувале околу 67.000 пензионери, бројка која е една од најголемите досега! На пикник на зелено во Маврово учествуваа околу 2.000, а во Ораовица кај Радовиш рекордни 3.000 пензионери. Сето ова зборува за една голема динамична активност на Сојузот и здруженијата – истакна тој.

На седницата беа усвоени предлог–одлуки до Собранието на СЗПМ. Потоа беа избрани: за нов член на Правно–економскиот форум **Ристо Франгов**, дипломиран економист од Гевгелија; за претседател на Комисијата за културно–забавен живот **Милевка Здравковска**, а за нов член во комисијата **Славица Ламбаша** од Куманово. Исто така, беше усвоен Меморандум за соработка на СЗПМ и СБМ.



На седницата членовите на ИО беа информирани дека за спорните прашања во здруженијата се подготвува Правилник за работата на Арбитражната комисија. За итно разгледување на проблемите со извршувањето на Договорот со „Проект развој Македонија" беше формирана Комисија во состав Методија Тошевски, претседател и членови Станка Трајкова, Стамен Филипов и Калина С. Андонова.

Истиот ден седница одржа и Собранието на СЗПМ, на која, на предлог на Извршниот одбор, а според предложениот и усвоениот дневен ред, беа поставени мошне значајни прашања и донесени одлуки за поуспешна работа и функционирање на Сојузот. Со седницата раководеше претседателот на Собранието **Драги Аргировски,** кој и даде на дискусијата одредени правци и апелираше учесниците да бидат прецизни и концизни во излагањата за подобра динамика, имајќи ја предвид обемноста на дневниот ред, на кој најпрво беше поставен Предлог–деловникот за работа на Собранието на СЗПМ.

За Деловникот воведно излагање имаше секретарот на СЗПМ **Станка Трајкова.** Таа нагласи дека одредбите на Предлог–деловникот во основа обезбедуваат ефикасна работа на Собранието и истакна дека во текстот ќе се вградат некои конструктивни предлози на




членови од Извршниот одбор, кои беа дадени на претходната седница на ИО. Собранието го усвои Деловникот за работа со решенијата предложени од ИО.

Потоа, Собранието расправаше за ребалансот на Финансискиот план на СЗПМ за 2011 година и за неколку предлог–одлуки од ИО, за што пошироко образложение даде потпретседателот на ИО **Методија Тошевски**. Тој истакна дека за економските прашања од дневниот ред се направени детални анализи и согледувања.

Во рамките на оваа точка, се разгледа можноста за купување деловен простор за потребите на СЗПМ во Пензионерскиот дом што се планира да го гради ЗП на општина Центар.

Со одредени дополнувања Собранието едногласно ги усвои предложениот ребаланс на Финансискиот план на СЗПМ за 2011 година и соодветните одлуки.

Согласно Статутот на СЗПМ, по предлог на претседателот на Кандидационата комисија Ѓорѓи Серафимов, Собранието со акламација ја избра **Станка Трајкова** за член на Собранието и член на Извршниот одбор на СЗПМ.

**Методија Тошевски, Крсте Ангеловски, Димитрија Богатиноски и Љупчо Наумовски** беа избрани за нови членови на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина.

За нов член на Надзорниот одбор на Собранието на СЗПМ, беше избран **Нијази Хаљиљи** од ЗП Гостивар.

По предлог на претседателот на Верификационата комисија Јордан Арсовски, Собранието ги верифицира мандатите на Дорче Крстевски од Ресен и Борис Најдовски од Демир Хисар.

Потпретседателот на ИО Методија Тошевски го образложи и предлогот за измена и дополнување на Одлуката за прием на членство во СЗПМ. Тој истакна дека постојат сериозни организациони проблеми во евиденцијата на миграцијата на членството на ЗП од здружение во здружение, па затоа со овој Предлог треба правно да се уредат односите и да се создадат услови за толерантна егзистенција и соработка на ЗП во бројните активности што ги организира Сојузот. Всушност, станува збор за уредување на приливот и одливот на членството со давање исписница и пристапница на членовите и во случаите кога раководствата не се согласуваат со личните одлуки на поединците, што е значајно за утврдување на вистинскиот број на членовите во ЗП заради фактичката распределба на средствата од членарината.

Едногласно беше одлучено за член на Сојузот може да се прими здружение доколку има над 50 отсто од вкупниот број пензионери што живеат во новата општина, а паралелните здруженија треба да имаат 3000 членови со пристапници и исписници.



Потоа Извршниот одбор ја одржа петтата седница на која Станка Трајкова беше официјално избрана за секретар на Оборот.

**К.С. Амдонова и М. Димовски**

### ВО ОВОЈ БРОЈ...


**ПОДГОТОВКА ЗА СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА ПО ПОВОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ГОЛЕМИОТ ЈУБИЛЕЈ** стр. 2

**ИНТЕРВЈУ СО МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ИЗВРШЕН ОДБОР НА СЗПМ** стр. 4





**ОД СВОЈ АГОЛ ИМПРЕСИВНИ БРОЈКИ** стр. 5

**НАЈЕВТИНА МОБИЛНА ТЕЛЕФОНИЈА ЗА ПЕНЗИОНЕРИ** стр. 6





ХРОНИКА стр. 7

**16-ТИ РЕГИОНАЛНИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ** стр. 9

ПАНОРАМА стр. 10

ЗДРАВСТВО стр. 12

ИЗБОР стр. 13

ЗАБАВА стр. 15

**БИСЕРИ НА НАШАТА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА** стр. 16





*Попуст за пензионери до 15%*
TRAVEL AGENCY DALAS UNION
www.dalasunion.com.mk
02/3222-981
02/3238-530
071/236-241


**НАРЕДНИОТ СВЕЧЕН БРОЈ НА ВЕСНИКОТ „ПЕНЗИОНЕР ПЛУС“ ЌЕ ИЗЛЕЗЕ НА 17-ти СЕПТЕМВРИ**





SAVA TABAK
Акционерско друштво за осигурување

# Подготовки за Свечената академија по повод одбележувањето на големиот јубилеј

Одборот за одбележување на 65–годишнината на пензионерското организирање во Македонија, на 29. 6. 2011 година одржа седница заедно со секретаријатот на Одборот со следниот дневен ред:

1. Разгледување на Програмата за одбележување на 65–годишнината на пензионерското организирање на Македонија
2. Договор за покровител на јубилејот
3. Усвојување на предлогот за доделување јубилејни благодарници
4. Финансиска конструкција за Свечената академија

Со едноминутно молчење им беше оддадена почит на починатите пензионери во изминатиот период.

Со седницата раководеше претседателот на СЗПМ и на Одборот **Драги Аргировски**. Тој во воведниот збор нагласи дека 65–годишнината од пензионерското организирање во Македонија ќе има достојно и достоинствено одбележување. Меѓу другото истакна дека Свечената академија ќе биде под покровителство на претседателот на Република Македонија Ѓорге Иванов што за Сојузот претставува голема чест и потврда за значењето на овој јубилеј. Свечената академија ќе се одржи во Домот на Армијата во Скопје во деновите околу 20 септември – Денот на пензионерите на Македонија. Свеченоста ќе започне со химната на Македонија во исполнение на Мешовитиот хор на ЗП Гази Баба, а по поздравниот говор на покровителот, 15–минутно обраќање ќе има претседателот на СЗПМ.

Ќе биде прочитана одлуката за доделените јубилејни благодарници за сојузите на пензионерите на Словенија, Хрватска, Србија и на Албанија, како и на Европскиот институт „Хевреќа", на 10 градоначалници за успешна соработка на локалната самоуправа и на здруженијата на пензионери, на Црвениот крст на Македонија, на ССМ, на Министерството за труд и социјална политика, на Фондот на ПИОМ, на Републичкиот одбор на СЗБМ, на 30 здруженија на пензионери и на исто толку истакнати пензионери активисти во изминатите десетина години. Конечниот предлог на носителите на благодарниците според Статутот на СЗПМ ќе го усвои Извршниот одбор на наредната седница.



Се заклучи јубилејните благодарници да бидат врачени на коктелот во Домот на АРМ и на свечените седници на здруженијата на пензионерите, кои треба да доделат и свои признанија.

Одборот предложи на Свечената академија да бидат поканети покрај покровителот – претседателот на Државата и претседателот на Собранието на РМ, премиерот, министерот за труд и социјална политика, министерот за здравство, министерот за култура, по тројца претставници на Фондот на ПИОМ и на Фондот за здравство, претседателот на ЗЕЛС, градоначалникот на Општина Центар и други добитници на благодарници, гости од странство, претседателот на ССМ, претседателите на СЗИТ–КИП, СИМП и на Националниот сојуз на инвалиди на трудот, претседателот и секретарот на Црвениот крст на Македонија, директорот на МЦМС и претставници на медиумите.

На академијата ќе присуствуваат сите членови на Собранието на СЗПМ и членови на Одборот, членови на Надзорниот одбор, на работните тела на ИО, претставници од сите 55 здруженија на пензионери – членки на СЗПМ, како и 100 учесници во програмата. Вкупно 640.

Во културно–уметничката програма од 40 минути ќе учествуваат Мешовитиот хор на ЗП Гази Баба, шест гајдаџии од КУД „Весели пензионери" на ЗП Пробиштип, Женскиот хор на пензионерки – Албанки на ЗП Тетово, КУД „Ѓоко Симоновски" на ЗП Куманово со изведбата на „Билјана платно белеше" и КУД „Пензионер" на ЗП Прилеп. Со по една песна ќе земат учество и познатите пензионирани естрадни уметници, Виолета Томовска, Есма Реџепова, Ефто Пупиновски и Захаринка Милосавлевиќ.

Плодна и конструктивна дискусија се водеше по сите точки од дневниот ред. Во дискусиите учествуваа: **Ѓорге Андонов, Крсте Ангеловски, Милевка Здравковска, Методија Новковски, Душан Перески, Васко Калески, Андон Марковски, Нијази Џељиљи, Павле Спасев, Јордан Костадинов, Арсен Илиевски, Рамиз Ќазимовски и Душко Шурбановски.**

Присутните во своите дискусии истакнаа дека голема чест е да се биде член на Одборот. Инаку во духот на јубилејот се одржуваат и регионалните ревии на песни, музика и игри, регионалните спортски натпревари и екскурзии и средби на зелено, а на 10 септември во Струга кај кампот „Ливадиште" ќе се одржат и 16–тите Републички пензионерски спортски натпревари.

Се планира пред денот на одржувањето на Свечената академија да се објави и специјално издание на весникот „Пензионер плус", посветен на јубилејот. **Цветанка Илиева**

# Од активноста на претседателот на СЗПМ

Новина во активноста на претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија претставува неговата директна комуникација со раководствата и членството во општинските здруженија.

На работните средби што ги одржа претседателот со раководствата на здруженијата членки на Сојузот се разгледуваат актуелни прашања од работата на здруженијата,тешкотии и проблеми кои се јавуваат во нивната работа, презентирање на активите од органите на Сојузот и насоки за нивна реализација во здруженијата, помош во отстранување на појави на сепарирање на членството по различни прашања од програмските задачи, презентирање на иницијативите што ги имаат здруженијата и сл.

Така, во текотна јуни и јули оваа година претседателот Драги Аргировски се сретна и разговараше во три општински здруженија на пензионери.

На средбата со раководствата на ЗП Карпош се разговараше за реализацијата на програмата за работа, за организациони прашања сврзани со организирањето на двојни здруженија, ажурирањето на евиденцијата на членството, потребата за активирање на арбитража во Сојузот за решавање на некои спорни прашања меѓу двојните здруженија во општината, учеството на пензионерите во организираните спортски, културни и рекреативни манифестации,

Во здружението на пензионери Центар се разговараше за поставеноста на организацијата и потребата за поголем опфат на членството во активностите, за степенот на подготвеноста на проектот за изградба на новиот деловен простор и за претстојните републички пензионерски спортски игри.

На работната средба со Здружението на пензионери Битола основна тема беше потребата за приклучување на ова здружение како една од најголемите и најорганизирани единици во членството на Сојузот. Беа договорени натамошните чекори и динамиката за реализација на оваа иницијатива.

Во меѓувреме, делегација на СЗПМ предводена од претседателот Драги Аргировски, на средба со директорот на ПИОМ г–дин Исни Јакупи и негови соработници разговараше за прашањата сврзани со средствата од фондот на солидарност и спогодбата со Одборот на регистрираната организација. За ова се разговараше и при посетата на Националниот сојуз на инвалиди на трудот РМ.

Ваквите активности на претседателот на Сојузот ќе продолжат и во иднина мотивирани од потребата за директна соработка и омасовување на пензионерското организирање и живеење. **М. Т.**

# Дружење во Стар Дојран

На 23.07.2011, Здружението на пензионери од Штип организира еднодневно дружење – „пикник на зелено" во Стар Дојран. Под дебелите и широки крошни на големите дрвја на градската плажа пристигнаа повеќе од 2000 пензионери од 30 здруженија од Македонија, меѓу кои најмногубројни беа од Радовиш , 611 члена.



Претседателот на ЗП Штип **Михаил Василев** ги поздрави сите учесници на средбата со желба за многугодишно заедничко дружење и запознавање.

Присутните ги поздрави и претседателот на ЗП Дојран **Боривое Бојаџиев** од негово и од името на градоначалникот Глигор Чибушев. Претседателите од сите здруженија одржаа и работен состанок каде разговараа, вакви дружења да продолжат со цел воспоставување на нови мостови за соработка и пријателство.

Дружењето беше уште поинтересно затоа што се совпадна со одржувањето на манифестацијата „Пивијада". Музиката ги крена на нозе скоро сите и затоа пак најразиграните и највесели пензионери **Убавка Јанкова** и **Љупчо Петров** беа наградени од претседателот на ЗП Штип.

Безброј луѓе се шетаа, а имаше и такви што со радост пливаа и се капеа во езерото.

Дојран и ова година ги прими расположените пензионери со желби за уште повеќебројна средба догодина **С. Михајлова**

# Враќање на вистинскиот колосек

На 27.07.2011 година, се одржа седница на Собранието на Здружението на пензионерите од Битола. Собранието го отвори и го водеше претседателот **Стево Бојаџиев**, кој го најави и дневниот ред на седницата.



Оваа седница беше од особено значење, затоа што требаше да се донесе одлука за Предлог–статутот на ЗП Битола, како и одлука за раздружување од Сојузот на здруженијето на инвалиди на Македонија, (СЗИТ) со седиште во Тетово и здружување со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Претставниците на урбаните заедници, предходно, од доставените материјали, имаа можност да се запознаат со измените и дополнувањата на Предлог – Статутот, и да дадат свој придонес и коментари кон истиот. Статутарната комисија предводена од дипломираниот правник **Николче Стојановски** достави пречистен текст до претставниците на урбаните заедници. Со новиот Статут исправени се аномалиите, односно нејасностите во самиот текст и двосмисленоста на поедини членови од Статутот.

Претседателот на ИО, **Томе Илиовски** ги презентира позитивните страни од враќањето на вистинскиот колосек на Здружението на пензионерите од Битола, во СЗПМ, каде членуваат голем број здруженија на пензионери од Македонија. Со повеќе кратки дискусии, од страна на членовите на Собранието, искажана е целосната поддршка за враќање во старото јато, односно онаму каде што и природно припаѓа ова Здружение.

По одлуката за раздружување, која беше донесена со огромно мнозинство, беа избрани делегате во СЗПМ и тоа: **Стево Бојаџиев** и **Добре Тодоровски**, а за членови во комисиите **Цветанка Ангелковска** и **Станко Сипковски**. Одлуката за раздружување од СЗИТ и здружување со СЗПМ од страна на Собранието на Здружението на битолските пензионери е донесена и е со важност од 26.07.2011 година. Останува СЗПМ, на своја седница да го потврди приемот, со што ќе следи соработка во понатамошниот период.

**Добре Тодоровски**

# Одбележана 67 годишнината од стрелањето на дедо Дане Трајков

На 9 јули во организација на ОО на СБМ и Здружението на пензионерите на општината Радовиш и Конче беше одбележана 67 годишнината од страдањата на дедо Дане Трајков.

Во 10,00 часот сите пристигнаа кај Шумската Куќа каде се наоѓа Спомен плочата подигната во чест на дедо Дане Трајков. На собирот присуствуваа околу 200 борци и пензионери. На почетокот со пригодни зборови им се обрати **Кирчо Ѓозев** претседател на ОО на СБМ Радовиш.



– Се собравме на ова место со цел да му оддадеме почит на големиот патриот, хуманист и револуционер Дане Трајков, кој својот живот го положи во темелите на денешна слободна Македонија. Дане Трајков е роден 1876 година во плачковичкото село Шипковица. Потекнува од земјоделско–сточарско семејство.

Беше исклучителна личност од кој зрачеше топлина, хуманизам, бунтовност и револуционерност. Тој заедно со лекарите Ѓорѓи Камчев и Страхил Панов се најзаслужените за здравствената заштита на борците што дејствувале на Плачковица. Тие ги лекувале и чувале ранетите и болни борци и ги обезбедувале со храна и лекови. Работејќи на тој план дедо Дане не ја дочекал слободата бидејќи на 8 јули 1944 бил фатен и стрелан.

На присутните им се обрати претседателот на Главниот одбор на СБМ **Тодор Атанасовски**, кој истакна дека НОВ и Антифашистичка борба е дел од нашата историја и таа никој нема право да ја присвојува, да ја негира, омаловажува и обезвреднува затоа што со оваа историја треба да се гордеат и денешните генерации.

Свое обраќање пред присутните имаше и **Фено Димов** од село Лубница кој е непосрден учесник во НОАБМ 1941–1946 година.

Во името на Главниот одбор на СБМ, цвеќе положи делегација предводена од генералот Тодор Атанасовски, како и фамилијата на дедо Дане, Општинските одбори на СБМ од Радовиш, Струмица, Штип, Велес, Виница и Берово, Здружението на пензионерите од општините Радовиш и Конче и други.

Во просториите на Планинарскиот дом беше организирана работна средба на која се разговараше за соработка на СБМ и Здружението на пензионери.Потоа генералот Атанасовски на задоволство на сите присутни во еден прекрасен амбиент создаден од афирмираната музичка група „Златни прсти", го поведе орото .

**Ј. Костадинов**

# Запознавања и другарување со пензионери од повеќе градови

Според програмата за работа и годинава Здружението на пензионери од Демир Капија ќе организира научни екскурзии ширум нашава земја со цел да се посетат градовите и да се видат манастири, цркви, споменици, археолошки локалитети, езера и историски знаменити места. На овој начин пензионерите од општината Демир Капија, ќе ги видат убавините, ќе се запознаат со нашата историја и култура. Со организираните екскурзии доаѓа до запознавања и другарување со пензионери од повеќе градови со кои Здружението од Демир Капија има воспоставено соработка.

Од разговорот што го водевме со **Благој Кавазов**, претседател на ЗП Демир Капија, бевме информирани дека првата организирана екскурзија била во Битола, каде пензионерите од Демир Капија другарувале со пензионерите од овој град. Во придружба на домаќините тие имале можност да го прошетат градот и да ги посетаат историските знаменитости. Втората екскурзија на пензионерите од Демир Капија била на 23 јуни во главниот град на Република Македонија на покана од Здружението на пензионери од општината Ѓорче Петров, а со цел да земат учество на Средбата организирана по повод 10 годишнината од самостојното функционирање на Здружението, како и по повод 65 годишнината на постоењето на пензионерската организација во Македонија. Собрани во туристичкото место Матка, пензионерите од Демир Капија, имаа можност да се запознаат и да другаруваат со пензионери од десетина здруженија од неколку краишта на Р. Македонија. Во разговорите размена мислења од повеќе области, а другарувањето го поминаа со прошетки, со играње и пеење и со заеднички ручек.

Здружението од Демир Капија води грижа и за културно–забавниот живот. Кон крајот на месец јуни здружението на пензионерите бесплатно беше изведена комедијата „Стуердеси" од Марк Канолети, а во режија на Томе Атанасов. Настапија актерите од Аматерскиот театар "Мирка Гинова" од Демир Капија.

**Мице Пашоевски**




**Фиксна телефонија на ONE**

ONE Ви нуди најевтино решение за фиксна линија со кое добивате:

- Најниска месечна претплата од 149 денари
- Бесплатно го задржувате стариот број
- Иста цена за разговори во цела земја
- Без надоместок за приклучок (со 24-месечен договор)
- Најповолни цени за разговор
- Бесплатен фиксен телефон – HWCD399

Повеќе информации во **Центарот за грижа за корисници на (02) 181.**

www.one.mk

Интервју со Методија Тошевски потпретседател на ИО на СЗПМ

# Активен на многу полиња, фокусиран на пензионерските економски проблеми

**● Би почнала со Вашата биографија во која воодушевува Вашата сестраност и обемна стручна и општествена ангажираност. Сте биле: 2000 - 2005, главен државен ревизор во Државниот завод за ревизија; 1993 - 1999, главен директор во Алмако банка, Скопје; 1990 - 1992, министер за финансии; 1986 - 1990, републички секретар за финансии во Извршниот совет на СР Македонија; 1981 - 1986, заменик и главен директор на Комерцијална банка, Скопје; 1974 - 1981, директор на Охис - Интерна банка, Скопје; 1965 - 1974, референт, советник, раководител на сектор во Републичкиот завод за општествено планирање и друго. Импонира и радува фактот што Вие денес сте дел од новоизбраниот тим кој се наоѓа на чело на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија. Што Ве мотивираше да ја прифатите и оваа мошне одговорна функција?**

Најнапред Ви благодарам што ми давате можност пред нашето членство и пред читателите на весникот да изнесам ставови по значајни прашања од животот на граѓаните од „третото доба". Дел од тоа се и информациите за мојот личен животен од. Што ме мотивираше да прифатам ваква одговорна работа..? Веројатно сознанието, корисно да го употребам остатокот енергија која сè уште ја чувствувам и која, природно, нема долго да ме придружува. Но, да започнеме со ред...

**● Доаѓате на ова место директно од базата, односно бевте претседател на Собранието на Здружението на пензионери Ѓорче Петров. Кои проблеми според Вас, најмногу ги имаат пензионерите во моментов?**

Здруженијата на пензионерите се специфичен вид организации кои опфаќаат многу чувствителна група на граѓани во општеството, за разлика од другите наменски или еснафски здруженија. Пензионерите се многу витални и неуморни. Нивниот вистински живот почнува по завршување на активниот работен век.

Секоја општествена средина си има свои интересни сфери, доблести и проблеми. Пензионерите не се исклучок. Ако ги земеме статутарните прашања, цели и задачи како константна активност која ја врши Сојузот со сето свое членство и со органите и која се состои во организирање на заедничкото другарување, спортување, рекреација, негување на традициите и семејството, забавата и манифестациите во областа на културата, тогаш како актуелни прашања со кои се бави Сојузот се прашањата на човековата живејачка.

Така, во овој момент најактуелни прашања се одржувањето на нивото на стандардот на животот на пензионерите, во услови кога, заради општата економска криза отежнати се можностите за битно подобрување на условите за живот. Притоа редовната исплата на пензиите, нивната навремена законска валоризација, солидарните и хуманитарните акции, заштитата и унапредувањето на правата од здравствената заштита, некои бенефиции во комуналната сфера, работата на домовите за пензионери и домовите за стари лица, се главните прашања на ангажманите на Сојузот... Секако дека Сојузот настојува да ги одржи активни контактите со надлежните органи на Државата и на Владата задолжени за економската, социјалната и здравствената сфера при што се залага за нивно унапредување.

**● Како потпретседател на ИО на СЗПМ за што најмногу ќе се ангажирате? Според Вашата стручност се очекува тоа да биде во економскиот домен, но веројатно има и други нешта на кои ќе го фокусирате Вашето дејствување?**

Распоредот на задолженијата во новоизбраниот Извршен одбор е таков, што мене, според вокацијата ми се дадени во надлежност економските и организационите прашања. Но, знаете, во животот не се занимавате само со дел од животните ситуации. Животот е составен од многу хетерогени содржини, и селекцијата е речиси невозможна. Но, поентата на моето ангажирање во СЗПМ сепак ќе биде економската сфера. Во тој контекст мојата активност во работата на Сојузот и неговите членки ќе биде фокусирана кон можноста за:

– подобрување и пораст на нивото на материјалната и друга основа на животот на пензионерите преку праведно и навремено усогласување на пензиите со порастот на платите и со движењето на индексот на трошоците на животот; со повремено еднократно зголемување на пензиите заради надминување на диспропорциите во односот плата–пензија кои настануваат преку примената на несоодветна формула во механизмите на усогласувањето;

– зголемување на буџетските средства за обезбедување ликвидност на ФПИОМ и за пристоен стандард на пензионерите; за изградба на станови за пензионери и домови за згрижување на старите лица;

– информирање на пензионерите и на јавноста за извршување на нашите статутарни и програмски задачи;

– согледување на досегашната практика од дејствувањето на Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина и нејзино унапредување; изградување и примена на критериуми за организациона поставеност и работа на здруженијата, како и надминување на недоразбирањата кај двојните здруженија на територија на една општина;

– подготовка на иницијален предлог за донесување Закон за нормативно регулирање на општественото организирање на пензионерите и негово доставување пред пратениците за претрес и усвојување во Собранието на Републиката;

– поведување иницијатива за законско регулирање на материјалното обезбедување на лицата постари од 65 години кои немаат статус на пензионери, а немаат никакви средства за живот;

– ангажирање, иницирање и следење на реализацијата на Националната стратегија на државата за старите лица, посебно во досегот на здравственото и социјалното живеење на пензионерите (проширување на правата на пензионерите на здравствени услуги, ослободување од партиципација или понизок процент на учество во цената на здравствените услуги и цената на лековите, обезбедување можност за учество при одлучувањето на органите на ФПИОМ и на Фондот за здравство; учество на Сојузот со сугестии и предлози при разгледување на актуелните прашања од пензионерското живеење пред владините органи и тела и сл.;

– активности за одржување и унапредување на владината политика за лекарски индицирана бањска рекреација на пензионерите, во континуитет и по 2011 година;

– ажурирањето на евиденцијата на членството како законска обврска, но и како секојдневна потреба за комуникација со членовите заради нивно помасовно вклучување во остварувањето на програмираните активности и потреби, како и на работата на клубовите и ограноците на здруженијата за што поголем опфат и вклучување на членовите во ваквите активности.

Сето ова е на подолгорочен план, но јас активно сум вклучен и фокусиран и во тековните активности како што се спортските пензионерски натпревари на сите нивоа, ревиите на песни, музика и игри и најважната активност во моментов: достојно и соодветно одбележување на 65–годишниот јубилеј на пензионерското организирање во Македонија.

**● Како стручњак и магистер по економски науки што мислите, има ли можност стандардот на пензионерите да биде повисок, односно да одговара на нивните неопходни потреби?**

Ова прашање ќе го одговорам хипотетички и оптимистички. Има. Ама пред тоа има многу „ако".

Ако вработеноста остане на ова ниво, а процесот на пензионирањето се одвива со оваа динамика (а според сегашната состојба ќе остане бидејќи старосната структура уште десетина–петнаесет години ќе го диктира тој процес) тешко ќе дојде до битни промени. При сегашната стапка на придонес за ФПИОМ од 18%, стандардот ќе стагнира, а во некои компоненти и ќе се намалува. Веќе денес во однос на претходните десет години просечната пензија е намалена на околу 49 од 75–те поени колку што изнесуваше во тој период, во однос на просечната плата во стопанството. Бидејќи макроекономските параметри на очекуваниот стопански развој не се остваруваат, можно е да дојде до сериозно нарушување на ликвидноста на ФПИОМ. Од друга страна поради нискиот број вработени во однос на бројот на пензионерите, денес помалку од двајца вработени издржуваат еден пензионер (европскиот податок е 3,8 вработени на еден пензионер).

Ако макроекономските параметри кои се најавуваат за идната година (за жал никој не планира подалеку од една година, поради лажното сознание дека во капитализмот пазарот го регулира развојот) се остварат и продолжат да се остваруваат, оној момент кога стапката на невработените ќе се спушти под 20% од работоспособниот контингент, при проектиран и остварен пораст на платите, можеме да очекуваме да се подобри стандардот на пензионерите. Дури под такви околности ќе може да се врши вистинска валоризација (усогласување) на пензиите и како динамика, и како ниво. Усогласувањето кое денес се постигнува во обем од 1,5 до 2% годишно е далеку од можноста да го подобри стандардот на пензионерите, а уште подалеку од потребите на членството. Се разбира, само овие неколку показатели не се доволни за да се објасни феноменот на „тапкачкиот" стандард на пензионерите. Друго е прашањето и уште позначајно што од скромните износи на пензиите, во многу случаи се поддржува егзистенцијата на три генерации (пензионерската, на нивните деца и на внуците). Сепак, се надевам дека мојата генерација ќе доживее да почувствува благодат за она што го стори во минатото со својот придонес за развој на државата, и од она што младите генерации го прават денес, или ќе го постигнат утре за нас и за себе.

**● Постојат ли финансиски ресурси за давање на т.н. „државна социјална пензија" на старите луѓе кои немаат примања по ниедна основа, која би била и подостоинствен инструмент од социјалната помош, а која носи со себе и одредени материјални и психолошки бенефиции?**

Во пензионерските кругови, како израз на солидарност и грижа за старите лица кои немаат постојани извори за егзистенција, ова прашање е многу актуелно. Тоа се поведува и се иницира при секоја средба со претставници на владините надлежни институции. За жал, лично мислам дека кон ова прашање се пристапува малку утопистички. Прашањето е системско. Едно се правата од работниот однос како право на пензиско и инвалидско осигурување, сосема друго се правата и потребите за социјално и материјално згрижување на граѓаните без извори за егзистенција од страна на државата. Нашата држава и по Уставот е социјална држава и е должна во рамките на својата социјална политика базирана на материјалните можности да обезбеди материјална поддршка на овие групи граѓани.



Сега, во овој момент, претензиите треба да бидат, земјоделското пензиско осигурување да се изедначи и да се вгради во општиот пензиски систем. Значи, според мене, прашањето за материјално обезбедување на старите лица без постојани извори за егзистенција, преку инструментот „државна социјална пензија" треба да се решава во рамките на системот за социјалното, а не за пензиското осигурување.

**● Како што кажува и самото име на весникот „Пензионер плус", тој е наменет за сегашните и за идните пензионери. Какво е Вашето мислење и препорака за вториот и третиот пензиски фонд?**

Весникот „Пензионер плус" што го издава СЗПМ и до сега и посветуваше нужно внимание на оваа компонента на пензискиот систем. Иако се направени многу едукативни и информативни собири, разговори, објаснувања и толкувања, имам впечаток дека потенцијалните (актуелните) вработени на кои и се однесуваат овие системски измени во пензискиот систем, сè уште ги немаат нужните сознанија за суштината на овие новини.

Како што е познато во Република Македонија е извршена реформа на пензискиот систем со внесување на капитална компонента. Структурата на пензискиот систем е следната:

**прв пензиски столб** – задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност;

**втор пензиски столб** – задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;

**трет пензиски столб** – доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Основна цел на реформата беше постигнување финансиска стабилност на пензискиот систем на долг рок што е цел на секоја држава при креирањето на пензискиот систем. Секако дека првиот столб и како најстар е и најјасен.

Капитално финансираниот пензиски систем пак, требаше да биде инструмент за развој на финансискиот пазар, зголемување на потенцијалот за инвестирање и воопшто заздравување и пораст на економијата бидејќи преку тоа, пензискиот систем може да влијае врз трудот, врз акумулацијата на капиталот и на неговата алокација за развојот на стопанството во целина.

Во задолжително капитално финансирано пензиско и инвалидско осигурување, се вклучуваат осигуреници кои по 1 јануари 2003 година засновале работен однос или започнале да вршат дејност. Вклучувањето во капитално осигурување (втор пензиски столб) како што е кажано во законот е задолжително и се одвива по сила на закон. Меѓутоа, идните пензионери имаат право сами да изберат еден од двата приватни пензиски фондови: КБ Прво пензиско друштво или НЛБ Нов пензиски фонд.

Во доброволното капитално финансирано пензиско и инвалидско осигурување (трет пензиски столб) може да се вклучат осигуреници од задолжително капитално осигурување како и лица кои не се во работен однос. Корисно е младите вработени да се вклучуваат и во доброволното капитално пензиско осигурување. На тој начин имаат можност да обезбедат повисоки пензиски примања во иднина, што ќе гарантираат постабилна материјална основа за живот и во годините на „третото доба". Вклучувајќи се во првиот, вториот и третиот пензиски столб, гледано од аспект на осигурениците – идните пензионери, тристолбниот пензиски систем обезбедува поголема сигурност бидејќи исплатата на пензијата ќе се врши од два, односно три независни извори. Меѓутоа, овие новини во пензискиот систем и самите тешко се пробиваат во практичниот живот. Поради тоа ќе истакнам два аспекта на системот кои бараат будност!

Прво, новините во пензискиот систем треба да се доработат и тоа во делот на сигурноста на пласманите и стимулацијата на осигурениците и да се доближи до личните интереси и потреби на вработените бидејќи на нив се однесуваат ефектите кои треба да се постигнат во иднина.

Второ, пласманите на прибраната премија од пензиското осигурување во вториот и третиот пензиски столб, мора да бидат транспарентни во секој момент за да обезбедат доверба кај осигурениците за сигурноста на нивните идни приходи, оти без тоа, опфатот на овој систем на пензиско осигурување може да ја изгуби својата актуелност...

**● Досегашниот разговор се однесуваше на проблеми и на потешки теми. Да преминеме и на она што е дел од другите Ваши ангажирања. Вие сте и главен и одговорен уредник на весникот „Пензионер плус". Ќе има ли новини поврзани и со весникот?**

Ниедна активност што ја врши човекот ангажирајќи ја својата потенцијална интелектуална енергија не може да биде непроменлива. Нашето членство, читателската пулбика на весникот „Пензионер плус" се искусни луѓе од сите образовни, стручни и професионални сфери, со акумулирани и проверени сознанија и филозофија на животот. Ние секојдневно низ соработката во целата низа програмирани активности на Сојузот добиваме размисли, иницијативи и предлози, за нови содржини, за нови начини на изразување на содржините, за проширување на кругот на информациите и друго.

**● Покрај во Сојузот вие сте активен и на многу други полиња. Имате објавено преку 60 единици во македонската и југословенската стручна и научна публицистика. Сте работеле и на полето на литературата и во други области на уметноста. Објавени Ви се збирките поезија: „И коренот има корен", „Гротло", „Ровја" и „Меѓа". Во Матица македонска, 2007 година, објавен Ви е избор од поезијата во четири книги: „Проверка", „Додека чекам", „Куќата" и „Јаска" во кој се преобјавени четирите книги и има објавено девет нови збирки поезија. Што Ве мотивира на таква активност и од каде црпите толкава творечка и животна енергија? Вие сте и сопруг, родител и дедо? Имате ли време за сè?**

Имам. Имам, иако понекогаш, не сакам тоа отворено да си го признаам, ми недостасува. Во студентските денови секогаш ми недостасуваше по еден ден пред испит за да го утврдам она што сум го научил. Денес ми недостасува по еден месец за да направам редакција на некој нов ракопис пред да си речам, толку е, доста е. Доста е со оваа тема.

Што ме мотивира? Ранци. Во Ранци се моите корени. Марија и Јана, Дамјан и Калина. Сега заедно го пишуваме „Јорганко". Тоа се раскази за деца во кои тие и куклата Јорганко се главни личности. Исто така, имам два завршени труда со економска проблематика од областа на животниот стандард и самофинансирањето на репродукцијата. При крај сум со завршувањето на една трилогија со заедничка тема која опфаќа монографија за моето родно место Ранци, наслов поезија и една социолошко–историска и економска анализа за поделбата на етничка Македонија, насилната размена и протерување на населението, колонизациите во Македонија, уништувањето на духовните белези и вредности на Македонците... При сето ова, ако не сум и сопруг, и родител и дедо, и пријател со некого, ќе немам време! Вака имам доволно, иако неретко позајмувам од времето на сопругата, од децата, од внуците. Мислам дека не ми се лутат, прашајте ги, и мене ќе ми олесни.

**Разговорот го водеше:**
**Калина Сливовска - Андонова**

ОД СВОЈ АГОЛ

# Импресивни бројки

Активностите на СЗПМ продолжуваат со истото темпо како и претходните месеци, без застанување и празни одови. Со приближувањето на денот на одбележувањето на 65–годишнината од пензионерското организирање – 20 септември, се зголемува динамиката во остварувањето на Програмата за одбележување и сите активности се одвиваат во знакот на тоа. Со крајна посветеност и со засилено темпо работат органите и телата на СЗПМ, а се со цел одбележувањето да биде што подостоинствено. Исто така, Сојузот настојува како и секогаш, да се обезбеди што подобар квалитет на животот и социјална сигурност на членството, како и да се поттикне и помогне во решавањето на горливите проблеми во третото животно доба. Во таа насока дејствува Раководството на СЗПМ, кое презема мерки и активности со кои настојува да обезбеди што помасовно учество и вклученост на пензионерите и на тој начин ја остварува и европската иницијатива и заложба за олеснување на староста кај најворасната популација на населението и се воспоставува принципот на живот со активно стареење.

За сето ова, на 29. јуни се расправаше и на втората седница на Собранието на СЗПМ, кое, на предлог на Извршниот одбор, донесе мошне значајни одлуки за подобро функционирање на Сојузот. Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** наведе импозантни бројки за зголемените активности на пензионерската организација, кои посебно во месецот јуни бележат достигнувања од историско значење. Тој нагласи дека само во Радовиш на пикник излегле 3.000 учесници, потоа во Маврово 1.800, во Тетово и Ѓорче Петров 1.600, а за време на регионалните спортски натпревари, во 8 региони биле опфатени 3.200 пензионери. Во регионалните ревии на песни, музика и игри учествувале 1.500 членови на ЗП и уште толку во одржувањето на концерти и фестивали. Организираните екскурзии во странство, во Србија, во Албанија и во Турција, опфатиле околу 3.000 пензионери. Импресивна е и бројката за посетеноста на клубовите – 36.000 пензионери. Во истиот месец, околу 4.000 пензионери користеле бесплатен градски превоз во Скопје и 800 со жичницата се искачиле на Водно. Бањска рекреација користеле 750 пензионери, а 350 биле на бањско лекување помогнати од здруженијата во кои членуваат. Вкупно за јуни, со разни активности биле опфатени околу 67.000 пензионери, што претставува најголема бројка во историјата на СЗПМ.

Од почетокот на годината ангажираноста и вклученоста во активностите на СЗПМ се движи до 150.000 пензионери, а со утврдената динамика и со засилено темпо Раководството планира до крајот на годината да бидат опфатени речиси сите 230.000 членови на Сојузот. Податоците говорат дека секој поединец на некој начин е ангажиран, учествува или е опфатен со активност, меѓутоа, има забелешки дека исти лица се појавуваат во повеќе манифестации, за што и СЗПМ презема мерки за поголема разноликост. Всушност, основната цел е средствата што ги издвојуваат пензионерите за членарина, да им се вратат низ вакивте активности и во практика да се оствари слоганот „од нив за нив", што станува принцип и главна определба во работата на СЗПМ.

**Мендо Димовски**

ОД РАБОТАТА НА ФОНДОТ НА ПИОМ

# Финансиската стабилност гаранција за пензиите

Одвреме–навреме, во нашата јавност, неодговорно и злонамерно се пласираат гласини дека финансиската стабилност на Фондот на ПИОМ не е добра и дека може да дојде до застој во редовната исплата на пензиите. Овие гласини не само што не ја познаваат состојбата со работата на Фондот, туку напротив, со сеење лаги се обидуваат да ги намалат постигнатите пензиски реформски резултати, кои за волја на вистината, не само што се почитувани во земјите од соседството, туку и служат како патоказ во која насока треба да се движат нивните пензиски зафати.

Дека е така, најдобро сведочат бројните делегации кои го посетуваат Фондот на ПИОМ и се интересираат за нашите реформски пензиски решенија, и бараат конкретна помош, како и потпишувањето на билатералните договори за взаемно пензиско исплаќање на пензиите на нашите и нивни пензионери. Тоа значи дека, во Фондот се работи според избалансиран финансиски план, според кого приходите и расходите се планирани да нема недостиг на средства во едната или другата позиција.

Така, на пример, во периодот јануари–мај годинава, Фондот оствари вкупни приходи во износ од 17.225,65 милиони денари, додека останатите приходи се прибрани од акцизи, продажба на акции, дивиденда и други приходи, како и средства од буџетот на државата. Според зборовите на **Соња Бачовска**, помошник на директорот за финансиски прашања, Фондот на ПИОМ своето финансиско работење го врши по стапки на придонес за пензиско и инвалидско осигурување, кое има постојано намалување (тоа намалување лани и годинава изнесува дури 5 проценти) и сега изнесува 18 проценти. Во време на економска криза која ја зафати и нашата земја, сепак, стабилната економска политика на Владата на РМ придонесе два пати во текот на годината да има усогласување на пензиите (првиот пат за 0,3 проценти, а вториот пат за 1,1 процент). Дека финансиската стабилност на Фондот на ПИОМ е добра, покажуваат уште следните два податока: редовно се исплаќаа (во првата недела од месецот) пензиите, навремено беа сервисирани давачките кон други фирми и институции и редовно и навремено се врши исплата на средствата за посмртна помош...

Но, и во оваа прилика треба да се истакне фактот дека во Фондот на ПИОМ се одвиваат повеќе активности за наплата на заостанатите ненаплатени придонеси (до 2008 година), како и спроведувањето и реализацијата на повеќето нови проекти како што се на пример, проектите "Решавање и исплата на пензиите", "Граѓански дневник", развојот на Човечките ресурси, до најновиот проект "Портокалов коверт". Сите овие, по многу нешто, значајни проекти, кои се во директна функција на самите корисници на пензија во нашата Република, треба да придонесат за што поефикасен пензиски систем и задоволни пензионери.

Исто така, Фондот на ПИОМ од заостанатите неплатени придонеси, има наплатено дури 700 милиони денари, а интензивно продолжува оваа наплата (до 2008 година), додека наплатата на заостанатиот долг на ненаплатени придонеси во 2009 и 2010 година, од фирмите кои тоа до сега не го сториле, го има преземено во својата работа и активност УЈП. Прибирањето на овие заостанати средства е стимулирано за фирмите, со тоа што тие можат долгот да го намират на дванаесет рати до крајот на оваа година, а прибраните средства се дел од буџетот.

Кога кон погорното ќе се додаде и фактот дека во Фондот во тек се инвестициски зафати во одделни филијали и деловници, како што е тоа случајот во Прилеп, Велес, Гевгелија, Пробиштип, Кичево, Неготино и Валандово, од една и во домовите за живеење на пензионерите во Делчево, Ѓорче Петров и во скопските општини Гази Баба (Автокоманда) и Аеродром од друга страна, тогаш сосема е на место ако кажеме дека во Фондот на ПИОМ максимално се штеди, а човечките потенцијали и ресурси се секогаш пред предизвикот за штедењето, тогаш нема место ни за гласини и шпекулации што доаѓаат од одредени центри, ниту пак, за страв дека пензиите во нашата држава, некогаш ќе дојдат во ситуација да задоцнуваат со исплатата. Потврда за тоа е и новата економска програма и политика на новата Влада, која како приоритет ги стави значајните фактори како помасовно вработување, јакнењето на финансиската моќ на фирмите и можноста за редовно плаќање на придонесите и дисциплина во фискалната политика и трошењето на средствата.

**м-р. Снежана Кутузовска**

# Семејна пензија - нема дилеми

***Не би трбало да има дилеми во врска со примената на измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, објавени во Службен весник на РМ, број 156/2010 година***

Да го напишам овој текст ме поттикна написот „Дилеми во врска со примената на измените и дополнувањата на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (Службен весник на РМ, број 156/2010), поместен во списанието „Правник "бр.230 јуни 2011 година.

Во интерес на примената на прописите од пензиското и инвалидското осигурување при остварувањето на правото на семејна пензија, со овој текст сакам да дадам свој личен придонес, во разјаснување на ова правно прашање.

Многу пати со одлуки на Уставниот суд на РМ се укинувале одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, но никогаш не се поставувале дилеми кој закон ќе се примени ако со наредните измени се предвидени построги услови за остварување на правото. Имено, авторот поставува прашање што ќе се случува со барањата за семејна пензија што биле поднесени од 24.9.2010 годна, (ден на влегување во сила на Одлуката на Уставниот суд на РМ, број 83/2009 година, објавена во Сл. весник на РМ бр. 127/2010), до 6.12.2010 кога се влезени во сила измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, во однос на семејната пензија.

Кратко ќе потсетам дека со спомената Одлука на Уставниот суд на Република Македонија се укинува член 72, став 1, точка 1 и 4, став 2 и 3 и член 73, став 1, точка 1 и 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Во Одлуката на Уставниот суд се изнесува мислење за доближување на возраста меѓу жената и мажот при остварување право на семејна пензија. **Така, и законодавецот постапува во постапката на усогласување на Законот на пензиското и инвалидското осигурување со спомената одлука на Уставниот суд на РМ. Имено, ако се споредни старата и новата регулатива возраста за остварување право на семејна пензија за вдовицата се зголемува за 5 години. Кај родителите се случува истото односно возраста се зголемува за 5 години и е идентична и за мајката и за таткото.**

Тоа значи дека условите за семејна пензија биле регулирани со постојниот ЗПИО, а од 6.12.2010 година со измените на ЗПИО тие се построги за вдовицата. **Меѓутоа, вдовицата на денот на смртта односно на денот на поднесеното барање ги исполнувала условите според постојниот закон.**

Според мое мислење сите барања за семејна пензија во периодот од 24.09.2010 до 6.12.2010 година треба да се решат согласно ЗПИО што бил во сила за време на поднесување на барањето и не постои правна празнина за остварување право на семејна пензија. Имено, познато е дека според општото правно правило и членот 194 од ЗПИО поведените постапки завршуваат по прописите што се во сила за време на поднесувањето на барањето. Членот 194 е содржан во матичниот текст на ЗПИО од 1993 (Сл. весник на РМ бр.80/1993 година) и се однесува на сите наредни измени. **Меѓутоа, и да не постоеше оваа одредба не е спорно дека во случајот треба да се примени општото правно правило за временското важење на прописите, особено е значајно кога идните решенија се пострективни од претходните. Замислете, ако на овој начин не се постапи некои вдовици воопшто и никогаш нема да остварат право на семејна пензија иако по претходниот закон на денот на барањето односно смртта ги исполнувале тие услови.**

Што се однесува до фактот дека вакви измени ќе влијаеле на одржливост на пензискиот ситем, јас и од тој аспект на нив гледам поинаку. Овие измени од гледна точка на пензискиот систем ќе влијаат позитивно бидејќи со повисока возраст ќе се остварува правото на семејна пензија, но е построго решение во однос на поединецот.

**Најважно, во случајот е да не се нарушува правната сигурност во остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување за кои и самиот автор зборува, укажувајќи на фактот дека правата од пензиското и инвалидското осигурување се лични и зависат од вложените средства од самиот осигуреник, кој со стапување во пензиското и инвалидското осигурување, за себе и за своето семејство обезбедува материјална и социјална сигурност.**

**Станка Трајкова**

# Симултанка на 21 табла

По повод Патрониот празник на градот Кочани, верскиот празник Петровден, и Здружението на пензионерите од Кочани се вклучи во активностите кои ги организираше Општината. Тоа организираше шаховска симултанка на 21 табла помеѓу шахистите на Здружението и интернационалниот мајстор еден од легендите на шахот во Македонија, **Димче Илиевски.** Шахистите од Здружението на пензионери не само што му дадоа достоен отпор што е за секакво почитување, туку и уште еднаш потврдија дека со право секоја година на Републичките пензионерски натпревари се борат за врвот на табелата. На оваа шаховска симултанка тие освоија 4,1/2 поени победувајќи на една табла и ремизирајќи на 7 табли. Цел поен успеа да обезбеди пензионерот **Александар Јаневски, а ремизираа Иван Павлов, Фидан Ѓеоргиев, Стојан Сандев, Марко Ѓоргиев, Манојло Ацев, Стојчо Тасевски и Пецо Благонов**.



Инаку, интернационалниот мајстор Димитар Илиевски е, исто така, пензионер и член на Здружението на старосни пензионери на ОВР. Тој по завршувањето на натпреварот позитивно се произнесе за квалитетот на шахистите од Здружението на пензионери од Кочани велејќи дека не очекувал толку силен отпор и квалитет.

**З. Петковски**

# Чествување на 68-годишнината од смртта на Рацин

Пред 68 години на 13 јуни 1943 година во месноста Лопушник кај Кичево, трагично згасна животот на македонскиот поет и револуционер Коста Солев Рацин. Тогаш во Лопушник беа сместени Првата партизанска база на Главниот штаб на НОВ и ПОМ на Македонија и Централниоит комитет на КПМ, а од месноста Битуше била пренесена и Првата македонска печатница „Гоце Делчев". Во партизанската печатница активно работел и творел македонскиот поет и револуционер Коста Солев Рацин.

Во организација на Советот на општината Другово, пред поголем број граѓани од Кичево и Другово беше организирано чествување пред споменикот, а панихида за вечен помен одржа свештеник од црквата Свети „Петар и Павел" од Кичево. За животниот пат на поетот говореше градоначалникот на општината Другово **Добре Никоски**, а рецитал од поезијата на Рацин изведоа учениците од Осумгодишното училиште "Христо Узунов" од Другово и ученици од родниот град на Рацин.

Свежо цвеќе на спомен–обележјето во Лопушник положија градоначалникот на општината Другово, градоначалникот на Велес, претставници од Прилеп, Сојузот на борците од Кичево и Велес, претставници од гарнизонот во Кичево, претставници на борците бранитрели од 2001 година, како и голем број здруженија и граѓани.

На ова чествување во месноста Лопушник, на чело со претседателот **Љубомир Лукароски**, учествуваа повеќе пензионери од Општинското здружение од Кичево и Другово. Крајно посветени на Програмата за оваа година, тие максимално се подготвуваат и за одбележување на Јубилејот 65–годишнината од пензионерското организирање – 20 септември, кога ќе настапат со посебна програма.

**Ангелина Ристоска**


ПЕНЗИОНЕР плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година IV – број 36–37
август 2011 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**
**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Методија Тошевски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Љубомир Ѓорѓиев
Павле Спасов
Софија Симовска
Милан Димитровски
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**

**Методија Тошевски**
Главен и одговорен уредник;
**Калина Сливовска-Андонова**
заменик главен и одговорен уредник;

**Членови:**
Мендо Димовски, уредник;
Цветанка Илиева, уредник,
Баки Бакиу,
Костадинка Кајмакоска,
Фруска Костадиновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**
СЗПМ „12 ударна бригада"
бр. 2. зграда на ССМ – Скопје
Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **kontakt@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
СЗПМ

**Печати:**
Графички центар Скопје

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

# Ден за паметење

Здружението на пензионерите од општините Радовиш и Конче на 26 јуни беше успешен организатор на традиционалната пензионерска средба, која секоја година се одржува кај манастирот „Свети Ѓорѓија" во с.Ораовица близу Радовиш На средбата беа присутни пензионерки и пензионери од: Штип, Велес, Битола, Прилеп, Гази Баба, Куманово, Струмица, Ново Село, Валандово, Неготино, Свети Николе, Лозово, Кратово, Пробиштип, Крива Паланка, Македонска Каменица, Конче и Радовиш.



На почетокот на ова дружење присутните ги поздрави претседателка на Активот на жените – пензионерки од Радовиш **Павлина Чабукова**, а потоа пожелувајќи им срдечно добредојде на сите присутни, средбата ја отвори претседателот на Здружението на пензионерите **Јордан Костадинов**.

Градоначалниците на општините Радовиш и Конче: **Д-р Роберт Велков и Стојан Лазаров** ги пофалија активностите на пензионерите, а воедно искажаа и задоволство од досегашната соработка помеѓу здруженијата и Локалната самоуправа.

Средбата беше искористена и за состанок во кonaците на манастирот на кој размениja искуства и меѓусебно се запознаа претседателите на Здруженијата, секретарите и претседателите на комисиите за КЗЖ кои зедоа активно учество во текот на работниот состанок организиран од страна на ЗП Радовиш.



На оваа величенствена средба присуствуваа околу 3000 пензионери што претставува своевиден рекорд! И покрај огромниот број на луѓе средбата помина во пријатна атмосфера, а за тоа придонесе и прекрасниот амбиент. Посетителите беа одушевени од убавината на природата и од дебелите ореови дрвја што ги примија сите под своите ладни сенки. На овој весел забавен собир се сретнаа голем број пријатели, познаници и роднини што не се виделе подамна. Со игри и песни се дружеа и забавуваа од 10 до 17 часот, а за забавата се погрижи музичката група „Златни прсти" од Радовиш. Долго ќе се прераскажува за манастирското грфче, за песната и орото, за средбата која на сите ќе им остане во сеќавање.

**Ј.К.**

Гевгелија

# Значаен договор за соработка

Во Гевгелија деновиве свечено беше потпишана спогодба за соработка помеѓу градоначалникот **Иван Франгов** и Здружението на пензионери предводено од претседателот на ИО **Ристо Танелов**.



При тоа претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** посебно го истакна значењето на соработката на локалната самоуправа со здруженијата на пензионерите во нашата земја која е интензивирана по потпишувањето на Меморандумот помеѓу ЗЕЛС и СЗПМ.

Градоначалникот на општина Гевгелија **Иван Франгов** ја нагласи досегашната успешна соработка со пензионерската организација и посака зацртаните цели на спогодбата не само да се остварат, туку и да се надминат.На свеченоста присуствуваа и **Станка Трајкова**, секретар на ИО на СЗПМ, **Ристо Франгов**, член на Правно–економскиот форум на СЗПМ, како и новата раководна структура на Здружението на пензионери.

**Т.К.**

Здружение на пензионери „Ѓорче Петров"

# Свечено одбележани трите јубилеи

Здружението на пензионери „Ѓорче Петров", на 23 јуни година, свечено одбележа три јубилеи: 65–годишнина на пензионерското организирање во Македонија, 15 години од формирањето на општината Ѓорче Петров како самостојна локална самоуправа, и 10 години од формирањето на Здружението на пензионери „Ѓорче Петров".



Средбата, на која дојдоа над 350 пензионери од 10 пензионерски организации од државава, ја отвори **Методија Новковски**, претседател на ИО, а потоа пригодни говори одржаа **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ и **Сокол Митровски**, градоначалник на општина Ѓорче Петров, кој и во оваа прилика го истакна задоволството од успешната и плодна соработка меѓу локалната самоуправа и ЗП „Ѓорче Петров".

Средбата беше организирана во ресторанот „Панорама" во село Волково. Со своето расположение, со дружење, музика, песна и игра, гостите пензионери придонесоа прославата на трите јубилеи да помине во многу убава атмосфера. Домаќините, пак, на сите учесници на средбата, како благодарност, им подарија по една монографија на патронот на Општината, македонскиот револуционер Ѓорче Петров.

Здружението на пензионери Ѓорче Петров, во јуни имаше уште еден пригоден настан. Имено, на 28 јуни, Денот на Општината Ѓорче Петров, на свечената седница на Советот, Здружението на пензионери доби посебна благодарница за успешната соработка со локалната самоуправа во изминатата деценија, што е признание за ангажираноста и активностите на пензионерите во сите сегменти на живеењето на Општината. Како што истакнуваат од Здружението, очекувањата од двете страни се соработката во наредниот период уште повеќе да се збогатува и проширува.

**В. Мицкоска**

Соработка помеѓу СЗПМ и ONE

# Најевтина мобилна телефонија за пензионери

**Воспоставената соработка помеѓу Телекомуникацискиот оператор ONE и Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, со неодамнешното потпишување Меморандум за соработка, се потврди како мошне корисна, а особено со најновата специјално креирана понуда на ONE за сите пензионери во земјава, која беше промовирана на 7. јули во ресторанот „Рагуза" во Скопје. Во иднина пензионерите ќе можат да користат најефтина ONE мобилна пост-пејт линија со месечна претплата од 239 денари, со целосно искористување на месечната претплата за национални и меѓународни разговори, СМС-пораки и друго, со бесплатни разговори меѓу сите пензионери во Македонија корисници на оваа услуга и бесплатни разговори со уште еден број од мрежата на ONE надвор од кругот на пензионерите. За да се добијат овие поволности, процедурата е мошне едноставна - заинтересираните треба да приложат лична карта или пасош и да достават чек од последната исплатена пензија. Со секоја мобилна линија на тарифниот модел Mobile Postpaid XS, пензионерите ќе можат да одберат и телефон, при што ќе им биде понудена посебна листа бесплатни и телефони со мала доплата.**



**- По успехот, што го постигнавме на заедничко задоволство со Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, со воведувањето на понудата за фиксната телефонија, ONE за пензионерите воведе нова специјално дизајнирана понуда и за мобилната телефонија. Сега оваа категорија граѓани, не само што може да има поедноставна комуникација меѓу себе, туку и нема да одделуват поголеми средства од своите пензии бидејќи сме најефтини., - изјави Виктор Доневски, директор на Одделот за односи со јавноста во ONE.**

**Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски го истакна значењето на Меморандумот за соработка со компанијата ONE, кој беше потпишан во чест на овогодишното јубиларно одбележување на 65-годишнината од пензионерското организирање, во Македонија.**

**- Покрај фиксната телефонија, на пензионерите им се дава можност поевтино да зборуваат и со мобилни телефони, што ќе значи нова помош за оваа тристаилјадна популација почесто и бесплатно меѓусебно да контактираат, да разменуваат информации од пензионерскиот живот и да го шират пријателството. СЗПМ овој потег на ONE го оценува како добар и корисен за сите пензионери. На овој начин ја остваруваме и европската тенденција за меѓугенерациска соработка, солидарност и помош на старите лица, - рече Аргировски.**

**М.Д.**

# Пензионерско катче во Ново Село

Илјада и триста пензионери од општина Ново Село, од почетокот на август имаат свое катче за поорганизиран заеднички живот. По десетина години самопрегор, како што кажа на отварањето и претседателот на Здружението, **Никола Калпачки**, изграден е двоспратен објект од околу 200 метри квадратни, доволен за сегашните и идни потреби. Поголемиот дел од средствата и инвентарот се обезбедени од стопанствениците од локалната заедница.



– Вака, преку обезбедување на основните услови за организиран живот наликува да одиме во Европа, рече во своето обраќање претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, **Драги Аргировски**.

– Градоначалникот на Општина Ново Село, **Петар Спасов**, истакна:



– Ентузијазмот на пензионерите од Ново Село, при изградбата на овој дом е за пример во земјата. Идна цел на Здружението на пензионерите од Општина Ново Село е изградба и опремување на пензионерски катчиња во сите населени места.

**Б. Зекиров**

# Потпишан Меморандум за соработка помеѓу СБМ и СЗПМ

Во присуство на претставници на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Сојузот на борците на Македонија свечено беше потпишан Меморандум за соработка меѓу овие две невладини и неполитички организации во кои членува огромен број на постари луѓе. Потпишувањето на овој договор всушност е резултат на претходно договарање и соработка на СЗПМ и СБМ, бидејќи идејата за ова датира од поодамна.

Двете организации имаат заеднички полиња на дејствување и природни генерациски врски. Со овој Договор за соработка се очекуваат уште подобри и поголеми резултати во дејствувањето на двете организации поединечно и заедно. Во името на СЗПМ Меморандумот за соработка го потпиша **Драги Аргировски** претседател на СЗПМ, а во име на СБМ, **Тодор Атанасовски** претседател на СБМ.



СБМ ги отвора своите програми за одбележување на сите значајни датуми, настани и личности и од подалечната историја пред многубројното членство на Сојузот на пензионерите на Македонија што можат успешно да се реализираат преку заеднички активности и учество на членството на двете организации. Тоа е посебно значајно годинава кога се одбележуваат 70 години од почетокот на народното востание во 1941 година. Тие програми ќе се реализираат со соработка на сите нивоа на двете организации: од основните организации и здруженија – до општинските и градските одбори, Извршниот одбор на Собранието на СЗПМ и Претседателството на СБМ, врз база на доброволно учество на членовите на СЗПМ, посебно во негувањето на традициите.

**К.А.**

# Формирана Комисија за заштита на правата на пациентите

Поддржано од Град Скопје

Пациентите наскоро ќе може своите поплаки и забелешки од добиените здравствени услуги да ги пријавуваат во Комисијата за заштита на нивните права, која беше формирана на последната седница на Советот на Град Скопје.

Комисијата ќе брои девет члена и тоа: претставници на пациенти, членови на здруженија на пациенти, двајца претставници на невладини организации задолжени за човекови права и граѓански иницијативи, двајца лекари од општините и тројца членови делегирани од општините, односно Градот Скопје.

Комисијата има надлежност да ја следи состојбата со заштитата на правата на пациентите, да предлага мерки за подобрување, да ги информира пациентите, да ги разгледува нивните поплаки и да презема активности за нивното решавање.

За учество во Комисијата членовите ќе добиваат надоместок по 1.000 денари по седница.

Ќе се состануваат најмногу трипати во месецот.

**ФОТО ВЕСТ**

Со цел да се приближат активностите до живеалиштата на постарите луѓе, Црвениот крст на град Скопје, заради превенција на здравјето од топлотниот бран во најжешките летни месеци спроведе активности за мерење на крвен притисок и шеќер во крвта за пензионерите во клубот Пржино – Кисела Вода и клубот Вардар–Солидарност Аеродром. Стотина пензионери во раните утрински часови имаа можност да се сретнат со лекарите волонтери на Црвен крст кои во таа прилика заедно со контролните прегледи дискутираа за повеќе здравствени теми и превенција на здравјето.



**И.Г.**

# Недостасува простор за подобра организација



На патот за село Љубанци го сретнавме **Петар Сладиновски**, иако навлегол во деведесетата година, се уште витален старец, вели дека сака да е информиран и повеќе да знае за животот на пензионерите. Силен впечаток ми остави и средбата со **Трајан Ристовски**, секретар на огранокот на пензионери во селото, кој во разговорот ми ја долови атмосверата и состојбата на пензионерите во ова рурално подрачје.

– Пензионерите тука, кои ги има околу 200, доколку здравјето им дозволува, главно се занимаваат со земјоделие и сточарство.

– За жал, се уште немаме свое катче, свое сврталиште за нас и за идните пензионери, каде што во пријатна атмосфера ќе се забавуваме и ќе го поминуваме своето слободно време. Добивме ветување од градоначалникот на општина „Бутел”, дека има можност да се реши и овој проблем. Најголем дел од активностите ги реализираме во соработка со здружението „Чаир и Бутел” и учество земаме во сите манифестации и спортски активности – рече **Јован Тарчуловски**, претседател на огранокот.

Претседателката на активот на жените при овој огранок, **Гордана Бадаровска** ја истакна потребата за сите свои членови (околу 70 жени), да се организира предавање од областа на здравството.

**В.П.**

# „Приказна од оваа страна на љубовта“

Неодамна од печат излезе првата самостојна збирка на песни: „Приказна од оваа страна на љубовта” на поетесата **Душка Гиевска** во која се поместени песни создавани во последните пет години. Во книгата се изнесени сите нејзини превирања, подеми и падови во судир со животот. Гиевска е поет кој во песните ги открива своите идеи и идеали.

И како што ќе забележи и рецензентот на оваа книга професор Јаготка Томовска, поезијата на Душка Гиевска на моменти вешто како кожурче на




свилена буба, ги завиткува мислите, а понекогаш се чувствуваш како да читаш некоја исповест. И во едниот и во другиот случај на моменти со напрегање на мечтата, кај некои од песните како да читаш судбини од дланка. Важно е дека уживаш и се восхитуваш од напишаното.

Ви претставуваме само една песна од нејзините интересни и необични по начинот на изразување на нештата песни, од нејзината поетска збирка – првенче:

**ГЛОДАРОТ**
**Спокојот исчезна,**
**силен потрес го разнишува лавиринтот**
**што за дом свој го избраа,**
**што со своите тука се населија.**
**Се појави глодар,**
**голема дупка направи на ѕидот**
**долго време бил тука,**
**но не му придавале значење,**
**а тој гризел ли гризел.**
**Кога се создаде процеп,**
**со закрпи сакаа да го покријат**
**да не се гледа**
**да не се знае.**
**Глодарот се усилува,**
**слободно зашетува низ одаите**
**се издига високо пред сите нив**
**да ги извести за својата надмоќ.**

Инаку, Душка Гиевска е член на Претседателството на Друштвото на писателите на Куманово и е член на книжевниот клуб „Обденица”.

На Кумановчани Душка Гиевска им е позната и како мошне активен пензионер на многу полиња. Членува во сите секции на пензионерското здружение од Куманово: во хорот, во фолклорната и драмската секција, а активен учесник е и на сите поетски манифестации во рамките на своето здружение.

**Ц. Илиева**

# Заедничка екскурзија до Белград

Во рамките на планираните активности ЗП Кочани, реализираше екскурзија за своите чле-



нови во неколку градови во соседна Србија меѓу кои и градот Белград. При ова несекојдневно патување на 55–мина кочански пензионери со агенцијата „Авто Атом” од Кочани, пензионерите извршија обиколка на знаменитостите Калемегдан, Авала, Куќата на цвеќето во Белград, а на враќање патот ги водеше низ Аранѓеловац, Врњачка Бања, Крагуевац, Крушевац и Ниш.

– Патувањето помина во најдобар ред. Задоволството кај пензионерите беше големо бидејќи можеа повторно да се дружат, притоа запознавајќи се со националната и културната историја на оваа соседна земја. Бевме пречекани од домаќините како стари добри пријатели. Ваквиот начин на заедничко патување низ организирани посети ќе продолжиме да го практикуваме и понатаму, затоа што интересот на нашите пензионери е мошне голем, – истакна **Ѓорѓи Серафимов**, претседател на кочанската пензионерска организација.

**К.Герасимов**

Две години работа на Здружението на интелектуалци – пензионери

# Малку и многу



МАЛКУ – затоа што се само две години од постоењето на Здружението, кое има регистрирано околу 150–160 членови;

МАЛКУ – затоа што, ако се земе како бројка, две е многу малку;

МНОГУ – затоа што, како Здружение на интелектуалци почнавме да остваруваме богати содржински и квалитетни активности, манифестации, се зближивме преку другарување, изградивме доверба меѓу себе и со љубов се осветливме, со ентузијазам се затемеливме и секој од нас сака да даде свој придонес;

МНОГУ – затоа што исполнивме две плодни години со лозунгот “Младоста со еланот – со искуството на интелектуалците мудроста”. Со Детскиот парламент на Македонија спроведовме два проекта „Демократијата за младите и возрасните” и „Со љубов и почит кон бабите и дедовците, со грижа за сите незаштитени стари лица”. Проектите придонесоа за соработка меѓу младите и возрасните. Ние се бориме да го докажеме природното право дека човекот додека соработува со умот и разумот, да не биде егоист, туку своето искуство стекнато низ трнливиот пат да го предаде на помладите, а тие со почит да ја респектираат подадената рака. Во издаваштвото помогнавме да излезат две книги.

МНОГУ – затоа што се одржаа голем број екскурзии, другарски веселби, излети, пикници...

МНОГУ – затоа што сите се охрабрија да бидат предавачи од својата струка

МНОГУ – затоа што идната година Европа ја прогласи за пензионерите и нивната соработка со младите, а ние тоа го практикуваме две години.

Може да се спомене и уште една соработка со Националниот совет на жени за родова еднаквост, каде што се работеше на две полиња: трибини и заеднички екскурзии и другарски веселби. Ги одбележуваме само овие:

Македонија е нашето име, ние сме Македонци, а јазикот ни е македонски (д–р Петар Попоски). Дипломатијата како значаен фактор за државите и македонската дипломатија (д–р Викторија Кафеџиска од Европски универзитет и Виктор Габер од МНР).

Жените што го променија светот (м–р Грозда Данова). Психологија на стареењето (д–р Олга Шкариќ).

Туризмот како иднина за македонскиот развој, тематска конференција што беше одржана по иницијатива на нашето здружение, прифатено од Министерството за економија, Стопанската комора, Собранието на РМ и од Универзитетот за туризам и менаџмент и од Детскиот парламент на Македонија.

Зошто ги апострофиравме само овие? Од нив се испратија и апели, а такви трибини, советувања и теми се одржаа секој вторник и ги имаше над 60. Ја издвојуваме трибината за Македонија со апелот што лично му го однесе делегација на Здружението интелектуалци пензионери на претседателот на Р Македонија Ѓорге Иванов.

И уште еден проект: „По трагите на татковските корени” кој содржи 2 дела: Првиот – Кампување на 40 деца од дијаспората и на 20 Ителектуалци пензионери, како и на 40 деца членови на ДПМ и на 20 члена од Здужението интелектуалци пензионери.

Вториот – Карван на пријателството со 60 гости, Македонци од дијаспората. На седумдневната обиколка низ Македонија, учесниците ги запознаа македонските бисери, знаменитости од историјата, географијата и културата.

Овој проект го прифати премиерот Никола Груевски на отворен ден на



Владата. А потоа покровител прифати да биде Ѓорѓе Иванов, претседателот на Државата.

Она што е направено е и МАЛКУ и МНОГУ, зашто МАЛКУ се две години, но МНОГУ затоа што според направеното тие се гаранција дека ова здружение ќе се шири низ Македонија и посакуваме да прерасне во ,,Сојуз на пензионери и интелектуалци од Македонија, од дијаспората и од светот”, кој ќе биде темел за богати содржини на работа, за многу тркалезни маси, советувања, симпозиуми, конгреси... Сето тоа интелектуалците пензионери ѝ го должат на татковината.

И на крајот голема благодарност на СМУ ,,Илија Николовски–Луј” за богатата програма на фолклорната и танцова група на прославата на роденденот на Здружението.

**Претседател,**
**м-р Грозда Данова**

Педесет годишнина од завршувањето матура

# Возбудлива средба

Учениците од Учителската школа „Браќа Миладиновци”, Битола на 4. јуни 2011 год. во ресторанот „Корзо” на Широк Сокак одржаа средба на генерацијата 1960/61 по повод 50 годишнината од завршувањето на матурата. И додека се собираа на терасата, очите на луѓето во поодминати години искреа од возбуда, се загледуваа едни во други, се препознаваа, ако не им успееше прашуваа, извинувајќи се, прегрнувајќи се, како најсвои, како род роден. А кога влегоа во салата, Ѓорѓи Лазарески, од името на Организациониот одбор, им посака срдечно добредојде на своите врсници, со надеж дека убаво ќе се дружат и забавуваат. Потоа, со жалење истакна дека значаен број соученици прерано заминале од овој свет и замоли со едноминутно молчење да им биде оддадена почит, како и на класните раководители и професорите кои веќе не се меѓу живите.

По половина век, кој на лицето на секого исцртал мапа на неговиот живот, секој со секого сакаше да размени по некој збор, да праша, да биде прашан, да се информираат како се снаоѓаат како пензионери, како го минуваат времето, колку се чувствуваат исполнето и корисно за себе и за семејството. Општа беше констатацијата дека живеат со скромни примања, не би се рекло комотно, иако речиси сите завршиле повисоки степени на образование. Некој останал докрај верен на основната професија, некој со надеж дека во некоја друга струка ќе даде позначаен придонес и за себе и за општеството – се преориентирал. Никој не се пожали дека не знае што да прави со времето што сега го има на располагање. Никој не мрзелува, секој со нешто се занимава: без исклучок, основната преокупација и радост им се внуците, им помагаат, се играат со нив и преку нив се враќаат во своето сиромашно детство. На мнозина книгата им е другарка, шетаат со пријателите, некои пчеларат, на повеќемина потеклото им е од село и често одат таму и нешто подработуваат во бавчите и градините. Сите се свесни за значењето на активното стареење кое ги одржува во подобра и физичка и духовна кондиција. Не сакаат да бидат на товар ни на своите деца ни на општеството. Чувствителни се ако некој, макар и премолчено, ги смета за маргиналци или дека во ова кризно време тие се дополнителен проблем. „А, велат, за општеството се дадовме себе си без остаток, работевме посветено и не велевме: колку пари, толку музика. Не е фер!”

Голема сатисфакција им се средбите со нивните ученици од кои многумина ги надминале. Со еден збор, некогашните просветни работници и сега се пример за толеранција, солидарност и скромност. Имаат разбирање за сите. Некои истакнаа дека немаат организиран пензионерски живот, немаат свои клубови, тешко доаѓаат до своето гласило „Пензионер плус”. Потребно им е пошироко разбирање.

Пред разделбата, која беше еднакво



трогателна како и средбата, падна предлог: секоја наредна година во првата сабота од јуни секој што ќе биде во состојба во 11 часот да поседи на терасата на “Корзо”, да почека и други да дојдат и неколку часа спонтано да се дружат. Одлична идеја, која беше едногласно прифатена. Да сме здрави и живи и догледање во првата сабота – јуни 2012 година!

**Б. Шуминоски**

# Носталгија по старите занаети

Една сосема вообичаена прошетка по старата битолска чаршија, неодминливо ќе ги навратии сеќавањата на времето минато и на размисла каква била чаршијата кога овде вриело од занаети и занаетчии. Нее никаква вест ако речеме или забележиме дека занаетчиството во нашата земја е на прагот на изумирање.

Додека денес во развиените земји особено се цени уникатот и рачната изработка, а што покажуваат и високите цени на производот, секако користејќи ја и модерната техника на денешницата, во нашата земја како да е поинаку.

Денес, кој ако не некој од пензионерите и постарите, ќе ви покаже како некогаш се ракувало со старите алатки за правење на кошници, буриња, како рачно се шиеле костуми...



Така во потрага по стари занаетчии се среќаваме со еден од најстарите занаетчии во битолската чаршија, со **Бранко Поповски** – кројачот, кој одамна поЧнал да ги троши своите пензионерски денови.

Кројачот Бранко, со своите 85 години, до скоро не ја напушташе практиката и девизата на дуќанџиите “порано отвори, подоцна затвори, и се за муштериите”.

**- Како член на Одборот на занаетчиите во седумдесетите години во Битола, во чаршијата беа регистрирани 94 дуќани, со исто толку мајстори и по 3-4 ученици, чираци. За жал, денеска би можеле да изброиме само толку кафулиња, а занаетчии има колку прсти на раката. Нема повеќе кројачи, папуџии, чевлари, бојаџии... а што е уште пожално не постои минимална заинтересираност кај младите за старите занаети. Ние занаетчиите велевме и велиме: „без занает нема јака држава” - вели Бранко Поповски.**

Можби заради тоа и покрај натежнатите години, кројачот Бранко Поповски и денес речиси секојдневно се дружи со „сингерот” и кројачкото метро.

**- Онака колку да ми мине носталгијата, - вели Бранко. Колку да се потсетам на некогашните изработки кои беа многу ценети во нашиот занает.**

Стариот кројач Бранко Поповски носталгично не „враќа” на времето кога занаетчиите секој за себе си имале свој празник кој го прославувале, на свој препознатлив начин и на одредено место. Ги нема многу занаети, а исклучок во тоа се берберите кои и денденес се собираат на 31 јануари на Свети Атанас во Довлеџик, како да му пркосат на сето она што се случува околу нив.

Стариот кројач Бранко, не е против промените, техниката и другите новини во чаршијата. И порано во рамките на можностите и тие воведувале новини во работењето и ја усовршувале работата користејќи нови и посовремени машини, но занаетот останувал занает. Раката на мајсторот морала да биде присутна, па не знам за каква машина и да се работи. Така било, а како ќе биде ќе покаже времето.

**Добре Тодоровски**


emporia
Network
12:35
Fri 20. 08. 2010
emporia
emporiaELEGANCE
▪ Македонско мени
▪ Екран во боја 65к
▪ Повици и смс пораки
▪ Многу големи копчиња
▪ Голем фонт на екранот
▪ Многу силен звучник
990 ден.
Со Пензионер во Доверба 24
Супер подарок за баба и дедо!
Совршен пакет за сите пензионери!
Конечно телефон и тарифа за пензионери! Новиот телефон Emporia, наменет токму за секој пензионер, нуди едноставно мени на македонски јазик, екран во боја, силен звучник и големи букви за подобра видливост. Дополнително тука е и тарифата „Пензионер“ на T-Mobile, со совршена понуда за секој пензионер, разговори за само 3, 43 денари со сите пензионери како и со најблиските 4 броја избрани во Мојот круг, и сето тоа за најниска месечна претплата од само 236 денари.
Побарајте ја Пензионер тарифата во најблиската продавница на Телеком.
Повеќе информации на www.t-mobile.mk
Сподели доживувања
T · · Mobile

# 16-ти Регионални пензионерски спортски натпревари

Дебар – четврти регион

## Охриѓани најдобри

Во организација на СЗПМ на 26 јуни во Дебар се одржаа Регионалните пензионерски спортски натпревари на кои учествуваа натпреварувачи од здруженијата на пензионерите од Охрид и Дебрца, Струга и Вевчани, Кичево, Македонски Брод и домаќинот ЗП Дебар и Центар Жупа.

На околу 300 учесници од кои 170 натпреварувачи најпрвин се обрати претседателот на Здружението на пензионерите на Дебар и Центар Жупа **Бесник Поцеста** истакнувајќи го задоволството што за оваа спортска манифестација се извршени успешни подготовки. Градоначалникот на општина Дебар **д-р Аргетим Фида** ја нагласи успешната соработка со пензионерската организација која од ден на ден се повеќе се сплотува. Натпреварите за отворени ги прогласи **Драги Аргировски**, претседател на СЗПМ при што укажа на значењето на овие игри не само за спортувањето во третото животно доба, туку и за дружењето, меѓусебното информирање и зближување.





Натпреварите се одвиваа во 11 спортски дисциплини, а најдобри резултати постигнаа пензионерите на Здружението од Охрид и Дебрца.

Во ресторанот „Ураники" во Дебар по врачување на признанијата во пригодна атмосфера се одржа дружба на учесниците, меѓу кои беа и голем број гости. Забележително беше и присуството на преставниците на муслиманската и православната верска заедница, со оглед на тоа што на овие пензионерски средби примарно е дружењето без оглед на верата и етнитетот.

**Вјолца Садику**

Штип – седми регион

## Најуспешни домаќините

На 21 јуни во Штип се одржаа регионалните пензионерски спортски натпревари на кои учествуваа натпреварувачи од здруженијата на седмиот регион: Штип, Радовиш, Свети Николе, Лозово, Ново Село и Струмица. Игрите започнаа со свеченото дефиле на учесниците на Плоштадот во Штип, кое, покрај бројните гости и граѓани, го следеа: преседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, потпретседателот на ИО на СЗПМ **Методија Тошевски**, првиот човек на Општината д-р **Зоран Алексов** и градоначалникот на Општина Карбинци **Васил Богдански**.



Во име на домаќинот на игрите, учесниците и гостите со пригоден говор ги поздрави претседателот на ЗП Штип и Карбинци **Миле Василев**, а потоа градоначалникот на Штип д-р Зоран Алексов на натпреварувачите им посака добри успеси и најубави спомени и резултати во спортските игри. Во името на организаторот – Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, говореше потпретседателот на ИО на Собранието на СЗПМ, **Методија Тошевски**, кој го истакна значењето на натпреварите во јакнењето на спортско-рекреативниот живот на припадниците од третото доба, им посака убава рекреација на учесниците и ги отвори игрите.



Спортските игри завршија во многу добра организација на домаќинот – ЗП Штип и Карбинци и фер плеј натпревари во дисциплините: стрелаштво, пикадо, шах, тегнење јаже, фрлање ѓуле, трчање, скок од место, домино, табла, двобој – жени и тробој – мажи. Натпреварувачите од Штип беа најдобри со освоени шест први места, натпреварувачите на ЗП Радовиш освоија пет први места, а по две први места спортистите од Ново Село, Струмица и Свети Николе.

Во заедничко расположение, во хотелот „Оаза" продолжи веселбата, каде им беа доделени признанија на најдобрите учесници.

**М. Манев**

Македонска Каменица – осми регион

## Триумф на кочанските пензионери

Здружението на пензионерите на Македонска Каменица на 25 јуни беше домаќин на регионалните спортски натпревари на пензионерите од источниот регион на кој учествуваа натпреварувачи од ЗП Кочани, Виница, Делчево, Берово и Пехчево.

Во присуство на претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски** и други гости и над двеста натпреварувачи на свеченото отворање на игрите најпрвин говореше **Видан Коневски**, претседател на ЗП Македонска Каменица, а манифестацијата ја поздрави и градоначалникот **Дарко Митевски**, истакнувајќи ја добрата соработка на локалната самоуправа со пензионерите во општината.



Прогласувајќи ги игрите за отворени **Станка Трајкова**, секретар на ИО на СЗПМ посебно го истакна задоволството од масовното учество на пензионерите на вакви средби, притоа посочувајќи дека тие годинава се одржуваат во духот на одбележувањето на 65–годишнината на пензионерското организирање во Македонија и дека 16–тите Републички пензионерски спортски натпревари ќе се одржат на 10 септември во кампот „Ливадиште" кај Струга.



На регионалните спортски натпревари во Македонска Каменица забележителни беа настојувањата на сите 215 натпреварувачи, од кои 128 во машка и 87 во женска конкуренција, за освојување на првите места во 11 спортски дисциплини. Во коректни и фер натпревари најдобри беа пензионерите на Здружението на пензионерите од Кочани со освоени 8 први места. Пријатно изненадија и домаќините со освоени 6 први места. И не само тоа. ЗП на Македонска Каменица беа многу добри домаќини на игрите и придонесоа сите учесници да се чувствуваат пријатно и да понесат убави спомени од престојот во нивниот град.

**К.Герасимов**

16–ти Регионални пензионерски спортски натпревари

## Учество на 1505 натпреварувачи од 48 здруженија

Годинашниве 16–ти по ред пензионерски спортски натпревари и игри во сите осум региони во републикава се одржаа под знакот на значајниот јубилеј: 65 години од пензионерското организирање во Македонија. Тие се одржаа од 20.05.2011 до 26.06.2011 година, во целосна координација на Организациониот одбор и на Комисијата за спорт и рекреација при СЗПМ, во различни термини во сите 8 региони. За прв пат во овие 16 години, тие во 2 региона се одржаа во работен ден. И не само тоа. На свеченото отворање говореа шест градоначалници на општини домаќини, што укажува на зголемената соработка на здруженијата со локалната самоуправа.

На Регионалните спортски натпревари непосредно учествуваа 48 здруженија на пензионери од кои 46 старосни и 2 здруженија на инвалиди. Бројот на здруженијата кои настапија на регионалните натпревари е идентичен со претходната година. За истакнување е фактот што на регионалните натпревари не настапија 4 здруженија на старосни пензионери и тоа: Шуто Оризари и Илинден од првиот регион, Карпош од вториот и Лабуништа од четвртиот регион.

На регионалните натпревари учествуваа 1505 натпреварувачи–спортисти (минатата година 1412) од кои 918 во машка и 587 во женска конкуренција. Бројот е зголемен за 93 натпреварувачи и тоа 63 во машка и 30 во женска конкуренција, што е добар знак за заинтересираноста на пензионерите за учество во овие активности.

Тие се натпреваруваа во сите 11 дисциплини предвидени во правилникот со пропозиции. Иако вкупниот број на натпреварувачите е во пораст, имајќи ја предвид бројката од можноста за максималниот број (2256), на регионалните натпревари простор за активност по здруженијата за вклучување на нови натпреварувачи има уште многу.

За истакнување е и фактот што иако вкупниот број натпреварувачи на овогодишниве 16–ти пензионерски натпревари во целост е зголемен во вториот, третиот, петтиот и шестиот регион, бројот на натпреватувачите е помал од претходната година.

И овој пат во третиот и четвртиот регион (Прилеп и Охрид) заради фактот што поради немање конкуренција на регионалните натпревари, голем број натпреварувачи, директно без натпреварување се стекнаа со право на учество на републичките натпревари, бидејќи правилникот со пропозициите тоа го дозволува.

На последната седница на Комисијата за спорт на која се расправаше по извештајот на 16–те Регионални спортски натпревари, за овој проблем се констатира дека решение треба да се бара преку ангажирање на здруженијата од овие региони, со што ќе се намали бројот на директно учество на републичките натпревари.

Ако се има предвид фактот дека регионалните средби им претходеа подготовки по ограноци и натпревари по здруженија во период од 2 до 3 месеци, активно учество земаат или се раздвижени од 10.000 до 15.000 пензионери чија активност придонесува за физичко и психичко одржување како и меѓусебно дружење и ширење на нови познанства. Овој податок во целост го оправдува скромното финансиско зафаќање на дел од средствата на здруженијата и на СЗПМ.

Треба да се истакне дека на овие натпревари учествуваа и натпреварувачи кои се во поодминати години, а постигнуваа забележителни резултати на кои можат да им позавидат и помлади спортисти. За истакнување се резултатите во гаѓање со воздушна пушка каде што голем број натпреварувачи имаа над 85 кругови од можни 100. Таквите постигнувања се навистина за почит. Забележителни резултати се постигнуваат и во другите спортски дисциплини каде што резултатот е мерлив (трчање, фрлање ѓуле, скок од место и сл.)

За истакнување е и фактот што од 48 здруженија кои земаа учество на Регионалните пензионерски спортски натпревари право на настап на Републичките натпревари обезбедија 40 здруженија што не беше случај досега,



а настап обезбедија 381 натпреварувачи од кои 200 во машка и 181 во женска конкуренција и тоа во сите 11 спортски дисциплини.

Се очекува во блиска иднина нашата централна и локална власт да тргнат по примерот на некои држави во светот за создавање услови за спортување на возрасните да останат витални и меѓусебно да се дружат. Спортот како што е познато е многу сложена и важна гранка во човековата активност која им носи здравје и здрав дух на оние што се занимаваат со него без оглед на годините.

**Здравко Петковски,**
**претседател на Комисијата за спорт и рекреација на СЗПМ**

ПРОЧИТАВ ЗА ВАС

# Показател на умствениот развиток на народот

**С**то педесет годишнината од првата објава на **Зборникот на народни песни на Браќата Миладиновци**, е убав повод да си приспомниме за значењето на тоа **грандиозно дело на славните Стружани за нашата национална Преродба.**

Од осумте деца на Ристе и Султана Миладинови, **тројца** ѝ се посветија на преродбата. Најстариот, **Димитар (1810),** основно училиште заврши во Струга, гимназија во Јанина. Потоа работи како учител во Охрид, каде што се среќава со реномираниот руски славист **Виктор Иванович Григорович.** Средбата пресудно ќе влијае отпрво сам, потем и со Константина да започнат една одговорна работа: **собирање на народни умотворби** од кои ќе се изнедри **Зборникот.** Средниот брат, **Наум**, на Духовната академија „**Халки"** во Цариград дипломира **музика** и граматика. Го напиша **првиот учебник по музика кај нас,** а некои од песните **ги мелаграфира со нотен запис**, **што е прв таков потфат**.

Димитар, поради својата **прословенска ориентација,** се судира со гркоманите во Битола, а по една жестока расправија со **митрополитот Венедикт**, ја напушта Македонија и заминува за Сремски Карловци, Нови Сад и Белград, каде е **опиен** од идеите на **Панславизмот и Илирското движење**. Кон крајот на 1856 г. доаѓа во Струга и го испраќа Константина во Москва да студира **словенска филологија** на **Империјалниот универзитет**.

**Константин (1830)** по основното училиште во родниот град и гимназијата во Јанина, од **1849.** студира на Универзитетот во Атина, каде **1852.** дипломира **грчка филологија**. По враќањето, учителствува во Магарево, битолско, а наставата ја изведува **на народен јазик. Во 1856 заминува во Москва.**




Таму, покрај студиите, започнува интензивна активност на систематизација на песните што ги донесол со себе и на оние што му ги дал Жинзифов. Притоа, со префинет усет, ги идентификува творбите кои не произлегуваат од макакедонскиот народен дух, туку навлегле под влијание на соседните култури. Нив ги изостава. Членува во напредните славјански друштва. Им ја доверува собраната граѓа на своите пријатели на читање. Соработува во **Братски труд**, чиј уредник е Рајко Жинзифов, како и во **Дунавски лебед**. Од сите добива морална поткрепа, но за жал, во Москва не се создаваат услови за печатење на Зборникот. Може само да се нагаѓа какви сè заткулисни игри се играле за да се оневозможи тој чин. Иако во **1857.** веќе има доволно материјали, поради „**опстојателствата "** не може да ги напечати. Неговиот пријател **А. В. Рачински**, во московскиот весник „**Ден" број 21**, **ќе напише:** „*Зборуваат дека во последно време Константин станал раздразлив....* *Најглавниот* ***предмет на*** *неговата* ***жалост*** *беше* ***невниманието на руските учени, со исклучок на Бессонов и Белјаев, кон неговиот*** **Зборник од м а к е д о н с к и п е с н и, навистина одлични".**

Кога сфаќа дека во Москва **трудот** не ќе го види сонцето, ќе отпатува во Загреб а потоа во Виена на средба со бискупот Јосип Јурај Штросмајер, познат мецена на јужнословенските култури. Штросмајер прифаќа да го финансира печатењето. На соработниците им остава да ги договорат подготовките, евентуалните забелешки и редукција. Освен песни договорено беше да бидат застапени и приказни, поговорки, гатанки, обичаи и народни верувања, како и 11 песни со нотни записи. Најпосле, по многу перипетии на **24. јуни 1861 год.** во Загреб се појави **Зборникот на бугарски народни песни собрани од Браќата Миладиновци**. Книгата содржи над 660 умотворби, претежно песни класифицирани според главните мотиви: самовилски, јуначки, овчарски, ајдучки, смешни, љубовни, свадбени, лазарски, жетварски...

Вклучени се и 76 бугарски песни, дадени од Чолаков. Недостигаат единаесетте нотни записи.

Главното прашање е: зошто Зборникот беше објавен **под насловот што е наведен?** Професорот **д-р Х. Поленаковиќ** тврди: „Нам ни е позната изјавата на Константин Миладинов, дадена во писмото од 8. јануари 1859, упатено од Москва до Г.С. Раковски во Одеса, за тоа какви народни песни има: **м а к е д о н с к и,** познато ни е како тие песни ги нарече интимниот пријател на Миладиновци, А. В. Рачински, **м а к е д о н с к и**, познато ни е како Зборникот го нарече Жинзифов во својата биографија на Миладиновци: „Со овој, во многу односи прекрасен зборник од **м а к е д о н с к и п е с н и** двајцата Миладиновци си издигнале најубав паметник". Има неколку, (случајно ли?) **необични совпаѓања**. Во времето на подготовките за печат, во Загреб доаѓа бугарскиот фолклорист **Васил Чолаков**. Проф. Поленаковиќ имал можност да запознае и да искористи неколку писма од Чолаков упатени „до десната рака на Штросмајер, **д-р Фрањо Рачки**". Меѓу останатото, во писмото на Чолаков од 12. април 1892 година, стои: "...като дојдох преминатата година в Загреб, покојниот мој друг Константин Миладинов ***ме умоли да му дам сто песни од в'сточните страни на Б'лгарија, за да може да даде название на својата сбирка*** "**Б'лгарски народни песни".** Факсимил од писмото на Чолаков се наоѓа во ЈАЗУ. Во истиот правец упатува и посветата во Зборникот, која укажува дека "таа е напишана во канцеларијата на Штросмајер,(***хрватскиот текст од Посветата се наоѓа во Архивата на Штросмајер),*** а **Константин ја превел на македонски и ја потпишал".**

Освен тоа, **умотворбите запишани од Браќата** потекнуваат од Струга, Охрид, Битола, Прилеп, Кукуш... **Ниту една од Бугарија.**

Сепак**, излезе** тоа капитално дело, **тој бисер на македонската духовност**, за која во предговорот К. Миладинов ќе напише: ***„Народните песни се показаљка на степенот од умственото развитие од народот и огледало на неговиот живот. Народот в песни изливат чувствата си, в них увековечвит животот му и давнешните му подвиги, в них находвит душевна храна и развлечение; затова в жаљба и в радост, на свадба и хоро, на жетва и грозјебрање, на везање и предење, по поле и по гори, штедро изливат песните како од богат извор; затова можит да се речит, че народот је секогашен и велик певец"...*** Немаше среќа да му се порадува на своето **духовно чедо.** На враќање кон Струга дознава дека Димитар наклеветен чмае во занданите во Цариград. Трга таму, со верба дека ќе го избави. Го апсат и него и истата1862 г. обајцата умираат под неразјаснети околности. **Т'гата за југ -** остана неоттагувана.

**Остана** и **Зборникот** кој го трасира патот на современата поезија, започнувајќи од **самиот Константин, преку Рацин и Неделковски**... **До денешни дни песните во него се огледало на народниот гениј и извориште на лирскиот поетопис.**

**Борис Шуминоски**



# Хоби кое носи неизмерна радост

**Н**а нашите простори одгледувањето кактуси не е масовна појава, туку би рекле дека е и многу ретка. Затоа се смета дека е бисер наспрема другите хобија. Тоа не е скапо хоби, тоа е полно со живот, егзотика и со радости.

При одгледувањето кактуси сте поштедени од непријатните настани, бидејќи додека сте со нив нема тажни мигови или ги има сосема малку. Дури и честите убоди од нив за одгледувачот, пензионерот **м-р Томе Димишковски** не претставуваат болка. Тој се занимава со ова хоби и единствено на што се жали е што порано не го открил светот на кактусите, тој свет на неодбранливата убавина и неизмерната радост. На мал простор, со малку ангажираност и за релативно кусо време, Томе собрал голем број растенија, едно цело мало богатство. Кактусите се релативно мали билки за големи радости. Овие радости Томе ужива да ги споделува со другите луѓе, со секој што ќе покаже и најмало интересирање за нив. Со таа цел, тој во јуни организираше работилница за членовите на Универзитетот „Трета доба", за којашто имаше исклучително интересирање.

Најнапред накусо да ви го претставиме Томе и неговото прекрасно хоби. Првото прашање што му го поставивме беше:

**Што за вас претставуваат кактусите?**

– Кактусите за мене значат посебно доживување, заради тоа што постојано работам околу нив и тоа најмногу ме одмора. Не мислам на проблеми, на други обврски, зашто секоја саксија треба да се помести, да се извади некоја тревка, суво делче, цветче. Ако кактусот е поголем треба да се пресади во поголема саксија и затоа постојано има работа. Меѓутоа, кактусите се специфичен вид растенија кои можат да издржат долго време сами, без нега, без вода, а бидејќи јас имам голем број и други обврски, заради што многу често сум отсутен, тоа на моите кактуси не им пречи и тие „стрпливо" ме чекаат.

**Кактусите сигурно ви возвраќаат со своите убави цветови. Ја споделувате ли оваа убавина со луѓето околу вас како денеска со членовите на Универзитетот?**

– Според анекс–програмата на Универзитетот „Трета доба", овојпат на моите кактуси им се одушевуваат моите колеги пензионери. Присуствуваа на една од неколкуте работилници на кои заинтересираните можат да научат многу нешта за кактусите, на пример како се негуваат кактуси и во домашни услови, за сопствено задоволство. Поголем дел од нив со успех ги одгледуваат и го шират ова хоби. Кактусот е растение кое е сродно со третата доба. Тоа може да издржи секакви непријатности, секакви непогоди, како и ние постарите.

**Дали во нашето поднебје тие добро успеваат? Вие очигледно успевате да им го дадете она што им е неопходно, затоа се тие толку убави и полни со цветови?**

– Овие видови растенија потекнуваат од Јужна Америка. По откривањето на Америка почнале да се преселуваат и по другите континенти. Но и овде тие се добро приспособени, успеваат добро, се разбира со определени знаења за почвата, полевањето и прихранувањето. Зимно време е малку потешко но и тогаш имам решение. Ги собирам во една застаклена просторија и кога температурата ќе падне 10 степени под нулата, задолжително ја загревам, да не падне под 5 степени внатре. На тој начин рано напролет можат да бидат будни, да цветаат и успешно да се развиваат.

Замоливме и дел од учесниците на работилницата за читателите на „Пензионер–плус" да ги изнесат своите впечатоци. Сите се воодушевени и од кактусите и од умешноста и од хобито на Томе, од неговата градина во која има над илјада кактуси, меѓу кои триесетина различни видови. Во моментов, најбројна е Кралицата на ноќта која дава преубави цветови, но кои за жал опстојуваат само еден ден, но има кактуси чии цветови траат и 10 до 12 дена. Во целина, кактусите делуваа вонпланетарно, чудно и прекрасно.

**Цветанка Илиева**

НА ПРВИОТ ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ

# Најбројни велешките пензионери

**В**елес, годинава одбележува 190 години од раѓањето на авторот на првиот драмски текст во Македонија и основоположник на театарската уметност Јордан Хаџи Константинов – Џинот, а велешкиот театар којшто со гордост го носи неговото име, беше домаќин на Првиот интернационален театарски фестивал во продукција на Центарот за креативни акции „ИМПАКТ", во партнерство со Општина Велес и НУЦК Јордан Хаџи Константинов – Џинот.

– Овој театарски фестивал широко ги отвори вратите на театарската уметност со нови, свежи читања на драмски текстови и со нов радикален, естетски и модерен пристап во согласност со времето во кое живееме, – рече градоначалникот на општина Велес, **Горан Петров**, при отворањето на фестивалот, посакувајќи му храбро чекорење нанапред во остварувањето на идната сценска уметност.

Директорот на фестивалот **Александар Ивановски**, изразувајќи им голема благодарност на партнерите кои сестрано ја поддржаа и придонесоа идејата да се преточи во дело, забележа дека фестивалот ги чувствува пулсирањата, потребите и очекувањата на публиката во насока на растење и отворање нови перспективи во борбата против социолошките и уметничките граници.

На интернационалниот театарски фестивал од 18 до 21 јуни, беа изведени повеќе мошне успешни драмски дела и актерски игри од Р. Македонија: „Оркестар ББ" – претстава на студентите по актерска игра при факултетот за драмски уметности, „Бубачки" – на Студиото за танц „Зодијак" и „Локомотива", „Ин & Оут" со Александра Кочовска, „Хајди" со Алксандар Ѓеорѓиев, „(Не)Поврзаности" со Александра Кочовска и Кире Миладиноски, „Мизантроп" во изведба на првиот македонски независен театар, од Словенија: („Дивата светица, мајка кучка" на Театарот Младинско од Бугарија: „Мртвата Дагмар или девојчето со кибритчиња" во продукција на Ида Даниел – Театарска лабораторија „Сфумато").

Велешани како ретко кога во голем број присуствуваа на театарскиот фестивал, а најбројни беа велешките пензионери со нивните внуци, кои со долготрајни аплаузи искрено ги наградија артистите кои храбро и оригинално ги изведуваа различните жанрови и естетики, со креативен пристап и уметнички вредности, кое во суштина преставуваше главна одредница на концептот на овој фестивал.

**Љ.Георгиев**

## ЗРЕЛО ДОБА

Дали ќе се случи што треба да се случи
Да преточам мои мисли едни
Да ги видам во срцана ваши и наши
И да копам со рацете вредни

Дали моите очи ќе можат
Да ронат солзи толку влажни
Дали денот и ноќта се множат
Спомените да ни бидат тажни

Дали силата почнува да се топи
Како капки пред утрински зори
Или можеби цвеќето ме опи
За да дишам во моите пори

Дали сонцето уште се раѓа
Во погледот кој веќе е матен
И ѕвездата почнува да паѓа
Сакаме векот да ни биде златен

Дали животот почнува да ни бега
Да се сели во простор и време
Сепак во градите староста не стега
Како камен–како зрело семе.

Ѓуро Апостолоски
пензионер од Гостивар

# Пензионери на 4. етно фестивал на изворни влашки песни

**Д**ва дена пред Петровден на 10.07.2011 година „Пониква" на Осоговските планини, пред прекрасно изградениот објект одморалиштето на МВР, се собраа стотици учесници од повеќе градови на Македонија да се сретнат со најблиските и пријателите под мотото „За Петровден сите на планина". Таму беа дојдени гости од Бугарија и Романија. Тука на Пониква имаше и семејства чии корени потекнуваат токму од овој крај од влашките колиби. Власите кои во минатото се занимавале со сточарство биле познати како номадски народ. Зимата ја минувале во полските села, а напролет повторно со својата стока и нив е и Петровден, празник кој власите на Пониква го славеле три дена со собирање на сред село, со ручеци , баници, сирење, кашкавал и квасено млеко. Песната и орото биле дел од празнувањето. Традицијата, обичаите, песната и орото и етнолошките елементи од минатото сеуште се присутни и ги красат власите од овој крај. Оваа година на овој четвртиот етно фестивал на изворни влашки песни зедоа учество пензионери од влашката пеачка група „Грамостеањ" од Скопје, пензионерски пеачки групи од Бугарија и Романија кои со својот настап пренесоа дел од влашката култура и традиција од нивните краеви.




семејствата во колибите и мандрите на планина.

Влашките колиби и мандри ги имало насекаде низ планината каде што го правеле највкусното сирење и кашкавал. Пред шеесетина години кашкавалот се продавал претежно во Грција. Престојувајќи на планина власите со себе ги негувале Христијанските православни обичаи и празници. Еден од

На собирот присуствуваа околу 500 пензионери од Штип каде што Пеачката група од здружението на пензионери се престави со две Влашки песни. Пеачката група доби најголем аплауз. На самите учесници им беа доделени признанија за учество на фестивалот. Потоа повеќето од присутните запеаа влашки песни и заиграа влашки ора.

**С.Михајлова**


Брзо и долготрајно ја отстранува болката.
БОЛКА
ПОВИКУВА
ОТКАЖИ
0:15
Налгесин® С
Naproxenum
филм таблети 275 mg
за брзо отстранување на болка
10 таблети
KRKA
Брзо решение
За главоболка, забоболка, менструална болка, болка во зглобовите и мускулите.
www.krka.si
KRKA
Нашата иновативност и знаење создаваат ефикасни и сигурни производи со највисок квалитет.

# Со правилна исхрана може да се забави предвременото стареење

Модерниот начин на исхрана остава траги врз здравствената состојба, а како резултат на тоа предвреме се остарува. Тогаш, се јавуваат одредени симптоми кои ѕвонат на узбуна дека стареењето оди со побрзи чекори. За тоа да не се случи, еве некои совети и препораки:

● **Проблем: болки во зглобовите**

Болката во зглобовите, во колената и во рацете, најчесто е резултат на недостаток на магнезиум и на бакар. Овие два елемента се нужни за здравјето на зглобните 'рскавици и нивната флексибилност. Во повеќето случаи соодветната исхрана и додатоците во исхраната успешно ја поправаат штетата и ја отстрануваат болката. Телото има сила да обновува низа оштетувања, но само доколку му ги обезбедиме неопходните нешта. Како да се дознае која е причината за овој проблем? Крвната анализа може лесно да покаже дали ви недостасуваат магнезиум и бакар. Ако резултатите се пониски од нормалните означени вредности, бидете сигурни дека проблемите со зглобовите не се последица на сериозни ревматски болести, туку причината е недостаток на магнезиум и на бакар. **Препорака**: Јаткастите плодови, говедското месо и спанаќот се одлични извори на овие хранливи материи. Доколку имате посериозни проблеми, дополнително земајте таблетки кои содржат магнезиум и бакар, а за дозата консултирајте го вашиот матичен лекар. Со оваа терапија, за два до три месеци, значително ќе ви се намалат болките во зглобовите.

● **Проблем: губење на меморијата**

Ако имате проблеми со меморијата можеби ви требаат омега–3 масни киселини, кои се неопходни за добро функционирање на мозокот. Доколку не ги внесувате преку исхраната, структурата на мозокот слабее, а тогаш страдаат функциите на мозокот, меѓу кои се вбројува и меморијата. Но, пресуден фактор не е количината на омега–3, туку добриот соодност на омега–3 и омега–6 масните киселини. Нашата исхрана, е преполна со омега–6 масни киселини, кои најмногу доаѓаат од преработената храна. Што повеќе омега–6 масни киселини внесуваме во организмот, толку повеќе ни се потребни омега–3 за да се одржи рамнотежа меѓу нив. Ако не јадете риба, ореви и ленено семе, а мастите кои ги внесувате најчесто доаѓаат од месо, значи дека не внесувате доволно омега–3, а консумирате премногу омега–6 масни киселини. **Препорака**: Најпрво значајно намалете го внесувањето рафинирана и обработена храна. Гответе со маслиново масло или масло од репка. Почесто консумирајте бела риба, како лосос или сардина, барем два пати неделно. Во исхраната вклучете и мелено ленено семе, на пример во јогурт или во житарки. За ужина грицкајте ореви. Барем пет пати во неделата јадете по 9 до 12 бадеми. Помага и земање таблетки со гинко билоба.

● **Проблем: недостаток на енергија**

Недостатокот на енергија најчесто означува недостаток на витаминот Б12. Овој витамин се наоѓа во храната од животинско потекло. Помага во регулирање на метаболизмот и создавање енергија која е клучна за здравјето на мозокот и на нервниот систем. Ако дневно спиете по 7–8 часа, физички сте активни, а ретко или воопшто не консумирате храна од животинско потекло, тогаш заморот најверојатно е последица на недостаток на витаминот Б12. **Препорака**: Во секојдневната исхрана вклучете повеќе месо и млечни производи. Помалку препорачлива варијанта се таблетите, а доколку се одлучите за нив имајте предвид дека потребната дневна доза изнесува од 500 до 1000 милиграми.

● **Проблем: висок крвен притисок**

За да биде крвниот притисок со нормални вредности, иако и тие се индивидуални и зависат и од возраста, треба да внесувате повеќе калиум. Експертите предупредуваат дека недостатокот на овој елемент го удвојува токсичното дејство на прекумерната консумација на сол. Во преработената храна најчесто е додадена сол, а не и калиум. За да биде крвниот притисок нормален многу е битен балансот помеѓу калиумот и натриумот во организмот. Додека бубрезите се борат да го исфрлат вишокот на сол, со тоа дополнително се губи и калиум. Оваа нерамнотежа ги оштетува крвните садови и го зголемува крвниот притисок. Кога сме кај консумирање на солта и како да ја намалите дневната количина еве уште неколку совети: оддалечете го солarникот од масата; избегнувајте купување и користење преработена храна и готови производи каде што има премногу сол; користете помалку сувомеснати производи; експериментирајте со зачините при готвењето. Наместо сол, слободно може да користите црн пипер, рен, лут пипер, магдонос, кромид, лук, оцет, лимонов сок, нане, црвен пипер...; каде и да одите, хранете се со домашна храна и во исхраната внесете овошје, зеленчук и јогурт; наместо солени грицки, одберете печени без сол бадеми, лешници, ореви, кикирики, семки, пуканки, свежо овошје...; наместо конзервиран зеленчук како што е киселата зелка, туршијата, киселите краставички... користете свеж или пак замрзнат зеленчук; наместо леб, користете замена за леб: компир, ориз, качамак, несолени печива... **Препорака**: Намалете ја консумацијата на натриум. Внимавајте да не внесувате повеќе од 1500 милиграми дневно. Исто така, вашето секојдневно мени збогатете го со повеќе овошје и зеленчук и намалете го количеството на солта, но целосно не го исклучувајте!

Посебно бидете внимателни со таблетите со калиум бидејќи овој додаток во исхраната може да доведе до аритмија и други кардиолошки проблеми.

**Сепак, во сè па дури и кај консумирањето сол има исклучок:**

Постојат одредени случаи кога самиот организам ќе бара внесување натриум, односно сол. Тоа се случува најчесто кај интензивно физичко активни личности. Особено за топлите денови, при обилно потење, може да се случи да дојде до драстично намалување на количината натриум во организмот. Во овие случаи, се препорачува значително зголемување на внесувањето течности, како и на натриум. Потсетете се на жетварската салата: толчен лук, краставица, оцет, сол, зејтин и вода. Таа освежува, лукот и оцетот штитат од бактерии и вируси, а внесувате и сол и вода кои ги губите со потење. Доколку внимавате на исхраната можно е за неколку дена да намалите и некои од проблемите, а ако продолжите така, можете и да го забавите предвременото стареење.

**Подготвила: М. Дамјаноска**

# Водич за правата на здравствените осигуреници (9)

*Издаден од Организација на потрошувачи на Македонија потпомогнато од Германското министерство за економска соработка и развој*

Боледување за првите 15 дена дава избраниот лекар од примарната здравствена заштита, а над 16 дена дава лекарска комисија на Фондот. Боледување издадено од друг лекар, кој осигуреникот не го избрал или од лекар специјалист, не може да биде основа за остварување на правото на надоместок за боледување. Висината на надоместокот на плати за време на боледувањето ја определува работодавачот, но најмалку 70% од основицата за надоместок на плати, односно Фондот за здравство кој ја има определено на 85% од основицата за надоместок на плати. По исклучок, висината на надоместок на плата за време на боледување поради повреда на работа, професионална болест, за време на давање крв, ткиво или орган, како и за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100% од основицата за надоместокот на плата. Надоместок на плата за првите 60 дена боледување, осигуреното лице го добива од организацијата каде што е вработен, а над 60 дена од Фондот. По исклучок, надоместокот на плата се исплатува од првиот ден на боледувањето на товар на Фондот, во случај на: нега на болно дете до тригодишна возраст; доброволно давање крв, ткиво или орган; отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

***2. Право на надоместок на патни трошоци***

Осигурените лица имаат право на надоместок на патни трошоци ако се упатени да користат здравствени услуги надвор од Републиката. По исклучок, осигурените лица имаат право на надоместок на патни трошоци ако патуваат во друго место во Републиката за да користат здравствени услуги надвор од местото на живеење, односно од местото на работа и тоа: на лица со бубрежни заболувања кои се третираат со дијализа, им се признаваат патните трошоци за превоз до местото каде што се врши дијализа ако матичната здравствена установа нема услови да ги превезува со санитетско возило; на осигурени лица на кои поради природата на заболувањето им се потребни вежби на видот, слухот и говорот, кои се извршуваат надвор од местото на живеење, а се спроведуваат амбулантски.

Права на пациентите согласно со Декларацијата за унапредување на правата на пациентите во Европа

**Пациент**, согласно со Декларацијата за унапредување на правата на пациентите во Европа **е корисник на здравствени услуги, било да е здрав или болен.**

**Основните права на пациентите** се вградени во Декларацијата за човековите права на Обединетите нации од 1948 год. Декларацијата за унапредување на правата на пациентите во Европа на Светската здравствена организација, како и во низа други законски и подзаконски прописи на европските асоцијации и поодделни национални држави. Согласно со Светската декларација, предвидени се два вида права на пациентите: општи права на пациентите и индивидуални права на пациентите.

**Општите права на пациентите** им гарантираат иста достапност на здравствено осигурување и достапност на користење на здраствените услуги во зависност од економскиот развиток на државата и можностите на нејзиниот здравствен систем, без разлика на расата, полот, религијата, политичкото мислење, националното или социјалното потекло.

Согласно со Декларацијата, на пациентите им се гарантираат следните права:

**продолжува**

# Пет знаци за топлотен удар

Со порастот на температурите секое лето па и ова, расте и ризикот од топлотен удар – сериозна здравствена состојба која може да биде и фатална, а која настанува кога телото не може да се изглади и доаѓа до прегревање на организмот. Тоа се случува на температура околу 40 степени целзиусови. За среќа, топлотниот удар лесно може да биде спречен, особено ако знаете како да ги идентификувате и да се справите со често незабележливите, рани симптоми кои се многу слични и со некои други здравствени состојби. Еве пет вида на симптоми кои можат да ве предупредат:

**1. Грчеви во мускулите -** Грчеви во мускулите, може да биде првиот знак дека телото се труди да ја регулира сопствената температура. Топлотните грчеви почнуваат ненадејно во рацете, подколениците или стапалата. Ако за време на физичка активност ненадејно почувствувате остра болка во овие делови, морате веднаш да најдете сенка, да се измиете и да се напиете вода или чај. Многумина мислат дека грчевите најверојатно се предизвикани од физичкиот напор, што е погрешно, па така престануваат со физичкиот напор , а не се разладуваат и не земаат течности.

**2. Чувство на вртоглавица -** Топлотното исцрпување и вртоглавицата е уште една, не толку сериозна состојба која може да резултира со топлотен удар. Ако се чувствувате зашеметени или збунети по ден поминат на сонце, преземете превентивни мерки – седење под сенка и носење широки памучни алишта – за да избегнете топлотен удар. Луѓето кои страдаат од дијабетес или други хронични болести и медицински состојби кои го отежнуваат ладењето на телото мораат посебно да внимаваат и да преземат одредени мерки ако почнат да се чувствуваат зашеметено од топлината.

**3. Главоболка -** Иако повеќето луѓе ги препишуваат главоболките на стрес или настинки, тие можат да настанат и од дехидрирање. Всушност, главоболката е често игнориран симптом на топлотната исцрпеност и ако не се справите со неа може да прерасне во топлотен удар. Ако сте во топла средина и добиете главоболка, пијте течности и веднаш обидете се да се оладите. Избегнувајте пијалаци кои содржат алкохол или кофеин кога е жешко, бидејќи тие содржат хемикалија поради која вашето тело задржува помалку течности, со што многу полесно можете да дехидрирате.

**4. Замор и чувство на слабост -** Заморот често се смета за знак на слабо спиење, но всушност може да биде сигнал дека вашето тело има проблеми со ладењето. Со растот на температурата на околината, расте и температурата на телото, а како резултат на тоа може да се почувствувате слаби и уморени. Ова е сигнал од вашето тело кое ви кажува дека мора да одморите под сенка и да пиете вода. Студен туш, ставање на стапалата во студена вода, или ставање на крпа натопен со вода врз рамениците, ладење н надлактиците под чешма, исто така ќе ви помогне да се оладите.

**5. Потење пропратено со студена кожа -** Потењето е природен начин за ладење на телото и причината поради која пиењето течности е многу важно и потребно. Со испарувањето на потта од површината на кожа, таа се лади и ја спушта температурата, но ако немате доволно вода во „систем", нема од што да се создаде пот за спуштањето на температурата и настанува прегревање. Иако личност која претрпува топлотен удар има сува, црвена и топла кожа, бидејќи потењето престанало, претходно предупредување е потење пропратено со студена или бледа кожа. За да се избегне топлотен удар треба да се избегнуваат и влажни области, бидејќи влагата во воздухот го отежнува испарувањето и потењето на телото и тоа не може да се лади и да ја регулира температурата.Тоа многу потешко се лади кога околниот воздух е влажен. Имајте ги секогаш на ум овие симптоми за да не се случи да ги игнорирате и да добиете топлотен удар кој е многу непријатен, но може да биде и фатален.

**Д. М.**

# Информираноста и дисциплината го штитат срцето

Превентивата е многу важна работа во медицината. За таа цел се прават едукативни средби со високостручни здравствени работници, а со намера да се разбуди свеста кај пензионерите дека срцевите и мозочните болести се масовни и тивки убијци. Сите ја знаат добро познатата изрека „подобро да се спречи, отколку да се лекува". Оваа синтагма се однесува кога станува збор и за срцевите болести од кои честопати заболуваат пензионерите. Оттаму, ОО на Црвениот крст со ЗП „Куманово", а врз основа на Спогодбата за взаемна соработка организираа предавање на стручни лица од специјалната болница „Филип Втори". Образложувајќи ги деталите на темата „Кардиоваскуларни заболувања во летниот период" **д-р Тања Анѓушева** потсети на фактот дека кардиоваскуларниот систем претставува една целина и од него зависи функцијата на сите други органи во човечкиот организам. На него мошне негативно влијаат ризик факторите (пушењето и алкохолизмот), висок крвен притисок, високите температури, режимот на исхраната, генетската предиспозиција и други фактори. Сите тие можат негативно да влијаат врз општата здравствена состојба, дури и фатално да влијаат врз човечкиот живот предизвикувајќи мозочни и срцеви инфаркти. Во секој случај, напомена др. Анѓушева битно е да се направи навремена и точна дијагноза за да се знае натамошниот тек на лекувањето. Во зависност од дијагнозата се практикуваат оперативни зафати.

Со оглед на актуелноста, темата која беше проследена со видео проекција предизвика видно внимание кај посетителите. Тие ја имаа можноста да постават прашања и да бидат консултирани во повеќе импровизирани пунктови од лекари на болницата. Впечатокот ќе беше уште посилен и покомплетен ако кумановските пензионери ги имаше во поголем број. На тој начин ќе ги оправдаа поранешните укажувања од корисноста на ваквите средби. Останува препораката да се намалат ризик факторите и барем еднаш годишно да се направат рутински кардиолошки контроли.

**Т. Антиќ**

# Лекот лечи, но носи и ризик

Кога имате некој здравствен проблем, лековите можат да ви помогнат да ја отстраните болката или причината на проблемот, но освен тоа, некои лекови предизвикуваат и одредени нуспојави, а воедно и го спречуваат вашиот организам во потполност да ги апсорбира и да ги искористи хранливите материи. Во текстов се третирани групата на лекови кои најчесто ги зема постарата популација:

**Статини -** Овие лекови дејствуваат во црниот дроб и го потиснуваат ензимот кој создава холестерол, а кога ќе го блокирате, вие го блокирате и коензимот CoQ10 кој дејствува во производувањето на енергија и изградбата на мускулите. Освен тоа, тој е и силен антиоксиданс кој влијае врз сите клетки во телото.

Ризици: Умор,слабост, губење на памтењето, краток здив, грчеви во нозете и намалување на имунитетот.

**Антибиотици -** Иако антибиотиците ги уништуваат лошите бактерии, тие ги убиват и оние бактерии кои го произведуваат витаминот Б, кој е задолжен за подобра работа на мускулите, коските, срцето и нервниот систем.

Ризици:Срцеви заболувања, канцерогени болести, грчеви во нозете и послаби коски.

**Диуретици -** Диуретиците се користат за лекување на едемите, проблеми со срцето и хипертензија, но со нивно консумирање се губат доста минерали и хранливи материи од организмот. Најважен е витаминот Ц кој е задолжен за подобар имунитет и побрзо зараснување на раните, а тука е и калциумот кој е важен за јаки коски и заби.

Ризици: Грчеви во нозете и послаби коски, депресија, побавно зараснување на рани и дебелеење.

**Против болки -** Лековите како аспирин и ибупрофен ја спречуваат синтезата на простагландинот, еден од главните медијатори на инфекцијата и болката, а овие лекови ја намалуваат фолната киселина, што може да доведе до срцеви заболувања.

Ризици: Срцеви заболувања, депресија, дијареја, осипи и анемија.

**Антидепресиви -** Овие лекови делуваат на нервниот систем, така што доаѓа до значајни промени во расположението. Некои од антидепресивите каков што е „prozac" дејствуваат и на метаболизмот, варењето на храната и мускулите, а телото бара повеќе јод кој е важен за производување на хормони.

Ризици: Депресија, вишок килограми, намалување на имунитетот.

**Инхибитори -** Со инхибиторите се лекува крвниот притисок, а некои од тие лекови кон себе го врзуваат минералот цинк. Откако ќе го врзат, тие спречуваат правилно распоредување на цинкот во телото, што е опасно за растот на косата и имунитетот. Освен тоа, цинкот ја штити простатата кај мажите и е важен за производување на тестостерон.

Ризици: Проблеми со простата, келавост и побавно зараснување на рани

**Таблети за слабеење -** Разни таблети за слабеење го намалуваат нивото на гликоза која ја произведува црниот дроб и ги прави инсулинските рецептори почувствителни, а некои од тие лекови го намалува и хемоглобинот, што доведува до недостаток на витаминот Б12 во организмот.

Ризици: Анемија, грчеви во мускулите, умор, губиток на памтењето и нерамномерно отчукување на срцето.

**Подготвила: Т. Гавровска**

# Карактеристики и статистики за вториот столб на пензискиот систем во Република Македонија

Во рамките на вториот столб со задолжителните пензиски фондови управуваат специјализирани и лиценцирани пензиски друштва, чија единствена дејност е управување со средствата на пензиските фондови. Засега постојат две пензиски друштва (Акционерското друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови „НЛБ НОВ пензиски фонд„ Скопје и КБ Прво друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје) кои започнаа со работа во 2005 година. Средствата на пензискиот фонд се целосно одвоени од средствата на друштвото кое управува со тој фонд и се чуваат кај банка–чувар на имот. Оваа сегрегација на средствата е од исклучителна важност со цел да се постигне висок степен на сигурност на средствата и дополнителна контрола на трансакциите со средствата на пензискиот фонд. Супервизија на работењето на пензиските друштва и пензиските фондови врши Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) чија цел е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови, јакнење на свеста на јавноста за карактеристиките на ова осигурување и поттикнување развојот на капитално финансираното пензиско осигурување.

Зачленувањето во вториот столб започна во септември 2005 година. Задолжителни членови на двостолбниот систем се само осигурениците кои имаат прво вработување по 1 јануари 2003 година. Останатите осигуреници (вработени пред 1 јануари 2003 година) имаа можност да одлучат дали ќе се вклучат на доброволна основа и тој избор го направија до крајот на 2005 година. Сега, од околу 274 000 членови, приближно 65% се задолжителни членови, а останатите 25% се доброволни.

Секој осигуреник кој е вработен за прв пат по 1 јануари 2003 година има рок од 3 месеци по сопствен избор да избере еден од двата задолжителни пензиски фондови во кои сака да членува:

– Отворен задолжителен пензиски фонд „НЛБ Пензиски фонд„ – Скопје, или

– КБ Прв отворен задолжителен пензиски фонд – Скопје

За да стане член во некој од овие фондови тој лично мора да потпише договор за членство во задолжителен пензиски фонд со агент кој го претставува пензиското друштво. При склучувањето на договор за членство, друштвото го претставува единствено агент кој е регистриран во Регистарот на агенти.

Пред потпишување на договорот добро е осигуреникот да дознае повеќе информации за пензиското друштво кое управува со задолжителниот пензиски фонд и за пензискиот фонд. Тој треба да ги добие на увид информативниот проспект, статутот и финансиските извештаи на фондот.

Доколку не потпише договор во законскиот рок, тој останува член во задолжителниот пензиски фонд во кој бил времено распределен по случаен избор.

Еден осигуреник во исто време може да биде член само во еден задолжителен пензиски фонд и во тој пензиски фонд може да има само една сметка.

Доколку не е задоволен членот може да премине во друг задолжителен пензиски фонд.

За членовите на двостолбниот пензиски систем 65% од вкупниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување оди во Фондот на ПИОМ, додека 35% се уплатуваат во задолжителните пензиски фондови. Средствата на задолжителните пензиски фондови сега изнесуваат околу 13,5 милијарди денари што претставува околу 3% од БДП. Просечниот принос на задолжителните пензиските фондови од почетокот на системот до сега изнесува околу 5%.

Пензиските друштва се одговорни за инвестирањето на средствата, кое мора да се врши со цел остварување на највисок принос, единствено во полза на членовите на фондот, врз основа на следните принципи: сигурност на средствата на фондот, диверсификација на ризикот на инвестициите и одржување адекватна ликвидност. Во моментов портфолиото на задолжителните пензиски фондови вклучува обврзници (55%), депозити (26%), акции (3%), инвестиции во странство (13%) и др.

Инвестициски портфолија на задолжителните пензиски фондови (31 март 2011 година)




**Билјана Петроска Раководител на Сектор за истражување во МАПАС**

# Рекреативна екскурзија до Крани

Да се посети летувалиштето Крани и неколку часови да се ужива во убавините и чистиот воздух е да се доживее нешто што секој пензионер го посакува. Кога на сето тоа ќе се додаде чистата и бистра вода на прекрасното Преспанско Езеро и убавата глетка за очите, тогаш впечатокот е посилен и подлабок.

Здружението на пензионери „Чаир и Бутел" беше организатор на оваа екскурзија на која пензионерите поминаа еден прекрасен ден. Двата автобуса со над 100 членови се доволна илустрација за интересот и желбата да се посети некое излетничко убаво место и барем за момент да се доживеат неколку пријатни мигови, каде се создаваат нови спомени и доживувања. Сите посакуваа да ги наполнат градите со чист воздух. По патот, како се движевме, зелените полиња воодушевуваа со својата интересност и езготичност. Во автобусот додека едни пееја, други љубопитно ја следеа околината каде бесконечните ридови царуваа обраснати со



ниска шума во која мирно со својата опојна песна птиците се радуваа на прекрасниот летен ден.

По краткото разгледување на Ресен, екскурзијантите се упатија кон Крани. Спротивставувајќи се на годините, а благодарение на љубовта кон природата и желбата да се види оваа прекрасно летувалиште, успешно го издржаа долгиот напорен пат. Таму пак, во Крани, песна, музика, оро... Сите беа весели. Некои отидоа во обиколка на околината, но сепак не можеше да се оди секаде каде си наумил, зошто времето беше кратко.

Веќе сонцето почнуваше да заминува полека зад планините, што беше најава за неговиот залез. Иако се уште беше топло, чувството беше поинакво заради езерскиот мирис и чистиот воздух. Потоа со песна заминавме со желба повторно да дојдеме.

На оваа еднодневна екскурзија пензионерите беа одушевени од убавината и бујната природа, но ова екскурзија беше и можност за подобро запознавање и дружење. Иако релацијата беше долга и напорна за оваа популација, таа со леснотија се издржа. На крајот при враќањето сите посакаа повеќе такви екскурзии со осмислена програма.

**В.П.**

Трета ѓомлезијада во Охрид

# Победник пак пензионерка

Во организација на Општина Охрид и Одборот на црквата „Свети Спас",во селото Горно Лакочереј се одржа Третата по ред Ѓомлезијада.

На ѓомлезијадата се пријавија голем број заинтересирани и тоа претежно пензионерки, но се натпреваруваа само 20 бидејќи просторот околу Црквата „Свети Спас" кај селото Горно Лакочереј, нема услови за повеќе учесници.



– Манифестацијата е одлична можност за промоција на руралниот туризам. Покрај гости од Охрид и Република љубители на природата и старински специјалитети, присутни беа и гости од Холандија кои беа дојдени да го видат селото и природата околу него, – ни изјави **Климе Тренески**, од Горно Лакочереј, организатор на манифестацијата.

Како што изјави градоначалникот на Охрид Александар Петрески, ѓомлезијадата веќе стана традиција, а Општината и во иднина ќе продолжи да ја организира оваа манифестација која веќе стекна и редовни посетители.

– Почнавме во Велестово, па во Скребатно и еве сега сме во Горно Лакочереј. И во иднина, секоја година ќе ја организираме во различни села. Со ова сакаме на гостите да им понудиме дел од македонските традиционални јадења, особено она што го нема кај нив. Општина Охрид има зацртано да развива туризам во сите месеци од годината. Се залагаме подеднакво да инвестираме и во културниот, руралниот и во спортскиот туризам. Останува уште да го развиеме зимско–рекреативниот туризам, истакна Петрески.

Инаку, и годинава искуството си го стори своето. Победник повторно е пензионерка. Првата награда од 10 илјади денари и припадна на **Златана Николоска**, втората од 6 илјади денари ја освои **Лиле Кароска**, а третата од 4 илјади денари ја поделија **Марио Настески** и **Емилија Мојсоска**. Останатите кои подготвуваа ѓомлезе беа наградени со по илјада денари.

**К.Спасески**

# Соживот

Влегов во автобусот полн главно со постари луѓе. Се сетив: вторник е, ден кога пензионерите се возат бесплатно. Недалеку од мене, две девојчиња нешто шепотат и гласно се смеат. Им се приближувам и тивко им го свртувам вниманието кон старите луѓе кои фатени за држачите едвај одржуваат рамнотежа.

– Зошто да станеме?! Ние сме платиле билет, а вие се возите без пари. Ако не можете да стоите седете си дома, – дрско ми одговара едната од нив.

Продолжувам понатаму, не сакајќи да се расправам. Си мислам во себе: ако ние што сме стари не работевме, не создававме и не придонесувавме, сега многу работи ќе беа поинакви. Од друга страна и тие ќе остарат, дури тогаш многу неште ќе им се разјаснат, многу нешта ќе сознаат, но сега, за жал, вака е...

– Невоспитани! Сепак ние сме виновни. Нивното воспитание е дело на постарите, на семејството и на училиштето, –дофрла една постара жена.

– Еве, дојдете, седнете овде, – ми го отстапува местото жена на околу педесет години! – Не е само до воспитувањето. И до децата е. Јас имам пет ќерки, ама сите не се исти иако подеднакво ги воспитував.

На наредната станица се ослободува местото до мене и жената што ми го отстапи повторно седнува.

– Каде одиш? – ја прашувам.

– Да чистам кај едно семејство. Не стасува. Дома сме многумина. Осум души. Едвај излегуваме на крај за леб. Најстарата е студентка, а најмалата четвртоодделенка. Купуваме бајат леб од вчера, помалку се јаде! Децата бараат за книги, за облека... Јас не сум учела. Такво беше времето. Од нив научив да читам и да пишувам, но фала му на господ сега со баба Марија ни е доста подобро.

– Што се случи? Што се смени? Која е баба Марија? Гледам по зборувањето дека си Албанка.

– Баба Марија е наша комшивка со години. Живееше сама во својот мал стан од нејзината пензија. Секогаш беше љубезна и пријатна кога ќе ја сретнев. Но годините си го прават своето. Се поретко се сретнувавме. Еден ден ме замоли ако можам јас или децата да и купуваме леб и млеко барем два пати во неделата, за мала надокнада. И така стана. И купувавме тоа што и треба. Но таа уште повеќе изнемоште. Трбаше да оди на лекар, да набави лекови, да си ја исчисти куќата, да се искапе... Сето тоа не беше во состојба да го први сама бидејќи се наближуваше кон 90–тата. Одев и и помагав. Ѝ носев од она што ќе го зготвев за јадење, ама тој ден губев дневница, не одев да чистам по куќите. Се собравме да се договориме и решивме баба Марија да ја донесеме дома, да живее со нас. И таа таа сега живее кај нас. Ги споивме и парите и деновите и проблемите и неволјите! Децата и помагаат, ја чуваат и ја сакаат како нивна родена ѓуше, тоа е баба на албански. Така и и се обраќаат. Баба Марија е згрижена, нахранета и што е најважно не е повеќе осамена. Ми вели: **„Знаеш ли Фатиме дека сега ми е најубаво! Никогаш не сум сонувала дека ќе имам пет внуки. Дека ќе живеам во куќа полна со смеа и со луѓе. Само имам еден проблем, не знам албански. Ама ќе научам. Девојчињата ме учат. Најмалата најмногу. Фалиминдери (фала) на Господ за се, само да ме крепи здравје."**

Ја слушам и си мислам: ова е соживот, а не она за што зборуваат политичарите и медиумите. Наеднаш жената стана.

– Овде слегувам, – ми рече.

Се поздравивме иако не се познаваме. Ја почувствував блиска и драга заради човечноста, размислувањата и добрината што ја носи во себе оваа жена, оваа мајка, оваа Албанка. Бев пријатно изненадена, но и задоволна од сознанието дека ете и ова постои, дека и ова се случува.

**Калина С. Андонова**

# Чесите во пензија на 73 години

Чешкиот парламент деновиве одобрил зголемување на старосната граница за пензионирање на дури 73 години, што е цели 18 години повеќе од предходните законски норми, објави „Итартас".

Големо негодување за новиот закон имало меѓу социолозите во оваа европска земја, чијшто став бил дека голем број Чеси никогаш нема да доживеат да добијат пензија. Според статистичките податоци, моментно просечниот животен век на чесите е 72 години за мажите, а 74 години за жените.

Конечната одлука за влегување во сила на новиот закон е на чешкиот претседател, кој треба да го потпише за тој да биде функционален. Таканаречената мала пензиска реформа поддржана од Парламентот од владејачката десничарска коалиција, предвидува постепено зголемување на возраста за пензионирање, како и изедначување на правата на мажите и на жените. Според чешките закони, жените во оваа земја добиваат гратис една година стаж за секое родено дете.

Чешкиот министер за труд и за социјална политика Јаромир Драбек, изјави дека ситуацијата, сепак не е толку критична.

– Треба да се нагласи дека луѓето ќе заминуваат во пензија на 73 годишна возраст дури по 55 години. Така предвидува динамиката на законот за постепено зголемување на возраста за пензионирање. Направете споредба на здравствената состојба, работоспособноста и животниот век на луѓето пред 55 години и сега. Претпоставувам дека ќе се зголемат работоспособноста и животниот век на луѓето во следните декади–истакна Драбек.

**Време**

# Весели, вешти и хумани

На 20 јуни, во градот на поезијата, во Струга, се одржа 6–тата Републичка манифестација „Етно жена" на која учествуваа околу 950 жени од 17 градови од Македонија. Од страна на општинските организаторки од Пробиштип беа поканети и членовите на КУД „Весели пензионери". Тие покрај презентација од старински и традиционални јадења, како што се пити, зелници, качамаци, погачи, алва и слично, беа стокмени во изворна носија од овчеполието, со што го свртеа вниманието на себе, а гостите не им одолеаа и на вкусните зелници и други специјалитети.

На самиот почеток, гајдарите ги развеселија учесничките и заинтересираните граѓани од Струга и Охрид кои се најдоа на ова хуманитарно дружење. Во дворот на детското одмаралиште „Мајски цветови" се разви убавото македонско оро, а по аранжираните маси се бараа домашните производи кои се продаваа по пристапни цени, а средства се наменија за хуманитарни цели. Не изостанаа во ништо и младите преставнички од Пробиштип, на чија маса беа аранжирани разни специјалитети, при што можеше да се види и нивната смисла за креација.

Спојот на искуството на пензионерките и умешноста на младите учесници на манифестацијата „Етно–жена" во Струга ја постигнаа целта. Пробиштип го освои преодниот пехар, со што се здоби со правото во наредната 2012 година да биде домаќин на 7–мата средба на жените–учеснички и победнички на општинските средби. И претстојната Републичка средба во Пробиштип ќе има хуманитарна цел.



Соработката на локалната самоуправа и градоначалникот Тони Тоневски не изостанаа и за овие невладини организации. Градоначалникот ги покри патните трошоци до Струга и назад, а задоволен од постигнатиот резултат приреди прием за жените–организаторки. На средбата тој вети поддршка и вклучување на локалната самоуправа во организирање на наредната Републичка манифестација „Етно–жена" 2012, која ќе се одржи во Пробиштип, најверојатно во амбиенталниот простор на Лесновскиот манастир.

**М.Здравковска**

# На 99 години ја пронашол љубовта на својот животот

Американецот Гилберт Херик се ожени за прв пат во својата 99–тата година од животот, откако конечно ја пронајде својата сродна душа и тоа во ходникот од старечкиот дом во кој двајцата живееле во Рочестер, Њујорк.

Дека за вистинската љубов никогаш не е предоцна, покажа деведесетидеветгодишниот ветеран од Втората светска војна и пензиониран работник во пошта, Гилберт Херик.

Дедото неодмана се ожени



со Вирџинија Хартман (86), вдовица со пет деца, која ја запознал минатата година во старечкиот дом.

Набрзо по запознавањето Гилберт почнал секојдневно да ја посетува Вирџинија во нејзината соба, по што двојката побарала заедничка соба, но тоа според прописите на домот било возможно само доколку двојката е во брак.

За да ја расчистат проблематичната ситуација Вирџинија го направила судбоносниот чекор и го побарала Гилберт за свој сопруг, кој без размислување се согласил, па среќната двојка набрзо се венчале во свечената сала на старечкиот дом.


ПОШТЕНСКА БАНКА АД
За пензионерите,
клиенти на Поштенска Банка
ПОШТЕНСКА БАНКА АД
ПОШТЕНСКА БАНКА
МОЈА БАНКА !
• Флексибилно пензионерско штедење до 4,5%
• Орочено денарско штедење до 9,40%
• Кредити до 500.000 ден. со каматна стапка од 10,9%
• Кредит до 90.000 ден. - без жиранти
• Изнајмување на сеф во просториите на Дирекцијата на банката на ул. 27 Март б.б. (Мал ринг)
• Достапна и брза услуга на шалтерите на Македонска Пошта
• Достава на пензиско известување на домашна адреса
МАКЕДОНСКА ПОШТА
ул. 27 Март б.б. тел: 02 3140 229 и 02 3140258
www.postbank.com.mk




## ЗАНИМЛИВОСТИ

Најпопуларно овошје на светот е бананата, а од Индија, Александар Македонски ја донел во Европа.

Во Австралија има двојно повеќе кенгури отколку луѓе.

Либија е единствената држава со еднобојно знаме.

Слоновите може да се препознаат во огледало.

Пет кучиња и една свиња се спасени од Титаник.

Цвеќињата побрзо растат со музика.

Женското срце чука побрзо од машкото.

Ајкулите пливаат со брзина од 97 км/ч.

Мозокот кај секој човек тежи околу 1.3 – 1,5 килограми.

Устата произведува околу еден литар плунка дневно.

Мачките бегаат од мирисот на портокал и лимон. Ако со кора од портокал го поминете мебелот, мачките ќе се откажат од гребење со канџите.

Бамбусот е растение кое расте навистина бргу. За само 24 часа може да израсне речиси еден метар.

Ванилата е вид на тропска орхидеја. Таа е единствената орхидеја чиј плод може да се јаде.

Печурките растат во сите климатски услови. Денес постојат околу 50.000 видови, но само 200 од нив смеат да се јадат.

Шафранот се смета за најскап зачин на светот.

Доматите долго време се сметале за отровен плод. Подоцна (на почетокот на XX век) е откриено дека стеблото и листовите се отровни, а плодот може слободно да се јаде.

Слонот, меѓу другото, како едно од најголемите копнени животни, води голема грижа за останатите членови во групата, како и за повредените единки. Покрај тоа што имаат големи уши, слухот кај овие видови е многу слаб. Се движат со брзина од 6,4 километри на час. За споредба, луѓето можат да се движат дури и побавно од 4–5,5 км/ч. Што се однесува до нивната храна, тие ја џвакаат само со 4 заба.

Сетилото за вкус кај пеперутките се нивните стапала.

Бројот на автомобили во светот расте три пати побрзо од бројот на жители.

Докажано е дека повеќето сообраќајни несреќи се случуваат во сабота.

Избор: Ф.Андоновски

## КРСТОЗБОР

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  | | | | | СКАНДИ | ПЕЈАЧОТ НА ФОТОСОТ | АРТИЛЕРИСКО ЗРНО | СКАНДИ | ТОН | "ЕЛЕКТРОКАРДИОГРАМ" | ИНИЦ. НА ФРАН. ПИСАТЕЛ ЖЕРИКО | АМПЕР | АТАК, НАВАЛА | ДЕЈСТВО НА СИЛА | ПЕРИОДИЧНА ПРОМЕНА НА НИВОТО НА ВОДАТА |
| | | | | | ГРЕТА ГАРБО | | | ТЕШКА БОЛЕСТ / ФРАН. РЕЖИСЕР ФРАНСОА | | | | | | | |
| | | | | | ЕДИНЕЧЕН ВЕКТОР | | | | ИНИЦ. НА АРТИСТОТ ЖЕЖОСКИ / СКР. ЗА ОНТАРИО | | | МЕСТО ВО КОСОВО / ПАР. ЕДИНИЦА ВО МАКАО | | | |
| | | | | | МОРКИ РАК | | | | | | РАЗБОЈНИК / ВИД ТАНЦ | | | | |
| | | | | | ПРИСТАНИШТЕ ВО БУРМА | | | | | БОЈА НА КОЖАТА / СНАОЃАЊЕ ВО ПРОСТОР | | | | | ГРЧКА БОЖИЦА НА ПЛОДНОСТА |
| | | | | | ОЛЕОДУКТ | | | | | | | | | ГАУС / ПАМУЧЕН КОНЕЦ | |
| СКАНДИ | ГРАДАЦИЈА НА МОТОРНО МАСЛО | МАШКО ИМЕ НА ГАЛЕНО (РИСТЕ) | БОГ НА ПОДЗЕМЈЕТО | МЕТАР | БРУТО (СКР.) | | | | ЛАНЕЦ ХОТЕЛИ / ЗЕМ. КОРА ОД СИЛИЦ. И АЛУМ. | | | | "ИД ЕСТ" / УБИЕЦ ОД ЗАСЕДА | | |
| БЛАМАЖА | | | | | ЕГИПЕТСКИ БОГ / НАЈГОЛЕМ САТЕЛИТ НА ЈУПИТЕР | | | АВСТРИСКИ ГЕОЛОГ ЕДУАР / ДЕЦИЛИТАР | | | | Ж. ИМЕ / ОСТРОВ ВО ЈАДРАНОТ | | | |
| МУСЛИМАНСКО МАШКО ИМЕ | | | | ГЕРМАНИУМ / БОКСЕРОТ ПАРЛОВ | | | СВЕШ. КОЈ ДРЖИ УТРИНА ВО КАТ. ЦРКВА / ГОД. ВРЕМЕ | | | | | | | | ДЕЛ ОД МАТЕМАТИКАТА |
| ЕДУАР ЛАЛО | | | МОРЕПЛОВЕЦОТ ФЕРННДО / РИСТО САМАРЧИЕВ | | | | | | | | ЖАК АРТИН / ДЕНОВИ | | | АЛТ / ОСТРОВ ВО ЈАДРАНОТ | |
| ПИКНИК / ЛИЧНОСТ ОД ГРЧКАТА МИТОЛОГИЈА | | | | | | | | СКР. ЗА "ЛИМИТЕД" / ЖИВЦИ | | | | КРЗНО ОД МОР. КУЧЕ / БАЗИЛИКА ВО ИСТАМБУЛ | | | |
| ВОДОРОД | | РЕЖИСЕРОТ СПИЛБЕРГ / ОДРАЗ ВО ВИСОЧИНА | | | | | | | ЖЕНСКО ИМЕ / ДИЈАГНОЗА | | | | Ж.Г. / ГРУБО ПЛСТНО | | |
| АНТИЧКИ ГРАД ВО МАЛА АЗИЈА | | | ВОЗВИШЕНОСТ / СЛИКАРОТ АЛФРЕД | | | | | | | | | | | ЕНЕРГИЈА / КРАТ. ГОДИНА ПН.Н.Е. | |
| СТАРА МЕРКА ЗА ТЕЖИНА | | | | ЕРИК ЌАН / АРТИСТОТ НЕЛЗОН | | | ИТАЛ. РАДИО ТВ. / ИНИЦ. НА ПОЛИТИЧАР ОТ ПЕРТИНИ | | | | ЕГИПЕТСКИ ЗАЛИВ / ХЕМИСКИ ЗНАК ЗА ЗЛАТО | | | | |
| БИТУМИНОЗЕН ФОСИЛЕН ЈАГЛЕН | | | | | | ПРИСВОЈНА ЗАМЕНКА / ЕНЕРГИЈА | | | | | | "ПРОТИВ СИТЕ РИЗИЦИ" / РАДИУС | | | |
| ОБЛАСТ ВО НЕКОГАШНА МЕСОПОТАМИЈА | | | | | СТАР ГРАД ВО ГРЦИЈА | | | | | | | | ЗНАК ЗА КАЛЦИУМ | | |

## Хумор

Малиот Трпе го прашува деда си:
– Дедо како доаѓаат на свет бебињата?
– Пааа, види внучко, како да ти кажам, штркот ги носи.
– Дедо, а од каде ги зема?!

* * *

Мажот и го подава весникот на жената:
– Прочитај ја оваа статија за рибите, мила.
– Зошто?
– Од нив би можела да научиш како се молчи.
– Прво ти од нив научи како се пие само вода! – му одговорила жената

* * *

Гледа баба боксерски натпревар. Наеднаш едниот паѓа на земја. Судијата почнува да брои:
– 1,2,3,4....
Наеднаш се слуша како бабата му вика на судијата:
– Џабе му броиш. Нема да стане. Не станува никогаш. Го знам од автобус.

* * *

Се вртка човек пред влез на една зграда. Го гледа милиционер и бидејќи му е сомнителен го прашува:
– Имаш ли добро убедливо објаснување зошто се врткаш пред влезов олку доцна?
– Немам. Да имав ќе си влезев дома и ќе и го кажев на жена ми!

* * *

– Ве молам дајте ми прашок за болви за моето куче.
– За колку – прашува продавачката.
– Не знам, кој ќе ги брои!

* * *

– На мажот ми само рибите му се пред очи.
– Што и вие ли имате аквариум?
– Не, тој е страсен риболовец!

* * *

Учителката го прашува Перица:
– Зошто вчера не беше на училиште?
– Имаме принова.
– Брат или сестра?
– Баба! Дедо се ожени и донесе нова баба!

## Волкот и зајакот




Некој волк си фатил мало зајаче и решил да го јаде. Со плачлив глас зајачето го замолило да не го јаде зошто е мало:
– Почувај ме, па кога ќе пораснам изедиме. Сега што ќе изедеш, гледаш колку сум мало.

Се сложил волкот, го чувал и хранел и зајачето пораснало, станало зајак. Еден ден зајакот го прашал волкот:
– Зошто не ме изедеш?
– Е, зајко, тешко е да изедеш некој со кој си поминал подолго време и си другарувал.

Крива Паланка: Деветта регионална ревија на песни, музика и игри

# Бисери на нашата народна традиција


Славко Стојановски


Методија Тошевски


Арсенчо Алексовски

На 30 јуни, во кино–салата на Центарот за култура во Крива Паланка се одржа Деветтата регионална ревија на песни, музика и игри, а домаќин беше Здружението на пензионерите од општината. На манифестацијата учествуваа 9 здруженија од: Крива Паланка, Злетово, ЗП Пробиштип, Лозово, Радовиш, Штип, Кратово, Куманово и Свети Николе.

Најнапред се одржа дефиле на учесниците низ центарот на градот, кое пред самиот настап се претвори во големо фолклорно оро. Под ритамот на радовишките гајдаџии облечни во колоритни народни носии се играа и пееја традиционални народни песни и ора, апотоа учесниците дојдоа во Центарот за култура.

Претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, гостите, присутните и учесниците прв ги поздрави и им посака добредојде претседателот на здружението – домаќин **Славко Стојановски,** кој изрази задоволство што организацијата на овaa значајна манифестација му е доверена токму на нивното здружение, при што истакна:

– Со помош на Сојузот и на локалната самоуправа Здружението на пензионерите обезбеди поволни услови за достоинствено одржување на Ревијата, за што сме им посебно благодарни.

Потоа на присутните им се обрати и потпретседателот на Извршниот одбор на Собранието на СЗПМ **Методија Тошевски** и рече:

– Чест ми е да ве поздравам и да ви посакам добро расположение, забава и мигови кои што ќе ги паметите откако ќе излезете од оваа сала. Знам дека ваквите средби кои СЗПМ ги организира со намера да овозможи почесто и подолготрајно дружење на своето членство, да го разубави и да го направи полесен делот на животот кој го живееме по нашиот активен работен век, се очекувана можност. Тоа останува голем белег, релаксира и иницира размислување што да направиме подобро за следните смотри. Манифестацијава нема натпреварувачки карактер, туку ревијален, но се гледа, а и од дефилето видовме, колку љубов и труд е вложен во подготовката на оваа средба, а со цел да се обезбедат содржини што нема да се повторуваат од ревија во ревија, туку ќе се презентираат се понови и понови бисери од нашата народна традиција. Во таа смисла, уште еднаш сакам да ви пожелам добро расположение и добра забава. Да ги направиме овие средби незаборавни и долготрајни.

И градоначалникот на Крива Паланка **Арсенчо Алексовски** ги поздрави присутните и учесниците, и тој изразувајќи задоволство што се наоѓа меѓу нив и што токму нему му е дадена можноста да ги отвори игрите. Тој им посака на пензионерите уште многу вакви игри и слични манифестации и даде ветување дека локалната самоуправа и понатаму ќе ги поддржува сите активности што ги организираат здруженијата и СЗПМ, истакнувајќи дека помладите генерации можат многу да научат од пензионерите, кои поседуваат многу знаење, мудрост и искуство.

На сцената се заредија изведувачи од разни краеви облечени во живописни народни носии и накитени како за најсвечени прилики, презентирајќи изведби на музика, обичајни песни и ора. Фолклорната шареница ја обои сцената. Одекнаа песните, писнаа гајдите, засвирија кавалите, затупаа тапаните... Настапите беа различно привлечни, на свој начин пленеа и воодушевуваа. Бурните аплаузи беа уште една потврда дека целта беше постигната, а посебно признание заслужува и домаќинот.

Признанија на здруженијата – учесници им врачи членот на Комисијата за информирање при СЗПМ, **Арсен Илиевски,** а ревијата успешно ја водеше **Милевка Здравковска**.

И оваа ревија мина во духот на одбележувањето на 65–годишниот јубилеј од пензионерското организирање во Македонија.

**М. Димовски**


Дефиле




ЗП Пробиштип


ЗП Крива Паланка


ЗП Свети Николе


ЗП Лозово


ЗП Злетово


ЗП Радовиш


ЗП Кратово




Врачување прзнанија




ЗП Куманово


ЗП Штип

